магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА


На 68 страници

Година 1 Број 5

Јули 2022 г.

Цена 150 ден.




## ПОЧНУВА ЛИ ОХРИД ДА ГО ГУБИ ТУРИСТИЧКИОТ СЈАЈ ИЛИ Е ОВА САМО ПРИВРЕМЕНА КРИЗА?

**МЕГАИНТЕРВЈУ**

Зоран АЗМАНОВ

**Во Скопје треба да се гради**

МОЈА ОПШТИНА

**Тимчо МУЦУНСКИ**

**Работењето на Општина Аеродром е пример за посветена работа која ќе ја отсликаме и на централно ниво**

ТЕМА

**Драстично поскапе животот во Македонија**

www.magazinturizam.mk


ISSN 2671-3934

5 318000 033115





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА — 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: Зоран АЗМАНОВ: „Во Скопје треба да се гради“ — 4



ОБРАЗОВАНИЕ: Туризмот атрактивен за младите, студентската практика прелиминарна обука за вработување — 10



КОЛУМНА: „Младите да се охрабрат и да почнат сопствен бизнис“ Проф. д-р Наташа РИСТОВСКА — 14



ТЕМА: Драстично поскапе животот во Македонија — 18



МОЈА ОПШТИНА: Тимчо МУЦУНСКИ - Работењето на општина Аеродром е пример за посветена работа која ќе ја отсликаме и на централно ниво — 24



РЕПОРТАЖА: Почнува ли Охрид да го губи туристичкиот сјај или е ова само привремена криза? — 30



ДУРБИН: Кратки вести од светот — 40



АВИОБИЗНИС: Египет и Турција најбарани дестинации - туристичките агенции со полни раце работа во ек на сезоната — 48



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: Невена ЈОВАНОВИЌ - Србија гради добри односи со вашата братска и пријателска земја — 56



КОМПАРАЦИЈА: Во Европа изобилство од јавен превоз — 60

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



# Одблиску со главниот уредник

## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# МАКЕДОНИЈА СЕ ДИГНА НА НОЗЕ: ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НЕ СЕ ПРЕГОВАРА!

*„Јазикот е единствената наша татковина. Сè додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски, ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште".*

*Оваа порака на македонскиот великан Блаже Конески силно одекнува меѓу Македонците, кои со сите сили се борат да си ги заштитат идентитетот и јазикот. Јазикот има стратешка важност за опстанокот на еден народ, за востановување на една нација и на една држава. Македонскиот јазик е македонски национален интерес, а не национален интерес на соседите.*

*Токму француският предлог ја вжешти атмосферата во Македонија. Илјадници Македонци секојдневно се на улиците искажувајќи револт против францускиот предлог. Главната порака е дека за македонскиот јазик не се преговара.*

*Како ќе го прошверцува власта францускиот предлог? Свесна ли е дека никој не го победил народот и никој не може против народот? Во ваков амбиент расте револтот кај граѓаните, кои се категорични дека не може со еден лист хартија да се дискутира за најважната работа во државата во наредните десетина години.*

*Граѓаните, експертите, невладиниот сектор и сите други засегнати страни побараа власта да организира дебата и да се даде време за транспарентност на целиот процес. Во спротивно, брзањето може да доведе до слепа улица од која нема враќање назад.*

*Додека јавноста сака да го види документот, надлежните велат протоколот ќе се објави откако ќе биде потпишан. Тоа би значело исто како кога студентите полагаат испит, прво да ги напишат одговорите, па професорот потоа да им ги објави прашањата.*

*Довербата е дефинитивно изгубена, а поделбата во општеството по овој бугарски диктат допрва ќе се продлабочува.*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## ЗОРАН АЗМАНОВ

Сопственик на градежната компанија Настел



# ВО СКОПЈЕ ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ

**„Градежништвото е пред колапс, капиталните проекти тешко ќе се реализираат. Поразителна е состојбата во еден од најважните сектори во економијата“, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, бизнисменот Зоран Азманов, сопственик на компанијата Настел. Тој вели дека закочените детални урбанистички планови ја дигаат цената на квадратот во Скопје. Ги повикува општините да носат нови планови. Неговата оцена е дека градежништвото е двигател и значаен фактор за секоја економија бидејќи вработува многу луѓе од 26 сектора, кои произведуваат разни материјали за градежништвото. Притоа се плаќаат даноци, придонеси, комунални такси и други давачки, средства што државата треба да ги намени и да ги користи таму каде што се најпотребни.**

**Господине Азманов, некогашниот двигател на економијата, секторот градежништво, сега е пред колапс. На што се должи овој тренд?**

Овој пад на градежништвото се должи, пред сè, на немањето доволно решени урбанистички планови и мораториум на некои од постојните, како и на укинувањето голем дел од урбанистичките планови во општина Карпош поради некакви формални недостатоци без донесување нови согласно законските обврски на општините. Бидејќи

АЗМАНОВ: *Градежништвото е значаен фактор за секоја економија и е двигател на економијата бидејќи вработува многу луѓе од 26 сектори што произведуваат разни материјали за градежништвото. Притоа се плаќаат даноци, придонеси, комунални такси и други давачки, средства што државата треба да ги намени и да ги користи таму каде што се најпотребни.*

кога ќе се укине некој ДУП како последица на некоја формална грешка, како што е неистакнување на одредена одлука на градоначалникот на Општина Карпош на вебстраницата на општината, кога наместо таму, одлуката била објавена на огласна табла. На две жителки од Општина Карпош наводно им било ускратено правото на жалба и не можеле да се жалат на одлуката за неизготвување нов план за заштита на животната средина бидејќи таков план веќе бил изготвен од Министерството за транспорт и врски, па поради тоа е донесена таквата одлука. Меѓутоа, Уставниот суд ги укина сите ДУП-ови во Општина Карпош поради вакви, а не суштински причини. И да се жалеле тие две граѓанки, нивната жалба ќе била одбиена бидејќи таков план веќе бил изготвен од страна на Министерството за транспорт и врски. Наместо во законскиот рок од 6 месеци да се отстрани тој недостаток и да се донесе нов урбанистички план како што предвидуваат Законот за градење и други законски одредби, до ден-денеска, и по 5 години од укинувањето на урбанистичките планови, во Општина Карпош не се донесени нови.

Исто така сметам дека овој пад во градежништвото се должи, пред сè, на тоа што одредени структури во општеството градежништвото го поистоветуваат со градежна мафија. Меѓутоа, реалноста е дека градежните компании градат согласно урбанистичките планови што се изготвуваат во општините. Ако гради некој надвор од тоа, треба да се посочи и да биде казнет за тоа, а не целиот сектор да се поистоветува со мафија. Сметам дека градежништвото е значаен фактор за секоја економија и е двигател на економијата бидејќи вработува многу луѓе од 26 сектора што произведуваат разни материјали за градежништвото. Притоа се плаќаат даноци, придонеси, комунални такси и други давачки, средства што државата треба да ги намени и да ги користи таму каде што се најпотребни. Се согласувам дека треба да се внимава при донесувањето урбанистички планови на заштита на



зеленилото и на инфраструктурата. Меѓутоа, не се согласувам со целосно блокирање на градежништвото или, пак, со селективно одобрување само одредени компании блиски до власта да можат да градат, а сите останати да бидат блокирани за да нема конкуренција и за да можат компаниите што градат, а се блиски до власта, да остваруваат екстремни екстра профити. Сметам дека на сите градежни компании треба да им бидат дадени подеднакви услови за работа, да има реална конкуренција. Тоа ќе го подобри квалитетот на градбите, а за граѓаните ќе обезбеди станови со реални цени. Со блокирањето на можеби најстручните компании, се остава отворен пат на фирми, се разбира, блиски до власта, со 2-3 човека, без никаков надзор, без инженери, да остваруваат екстремни профити.

**Цените на становите од почетокот на годината бележат евидентен раст, особено во подрачјата што се сметаат за атрактивни локации. Кои фактори, според Вас влијаат на растот на цените на становите?**

Според анализите што ги имам, побарувачката за недвижности расте за општините Центар, Карпош, Аеродром. Побарувачката е голема со оглед дека недвижностите се покажаа како сигурна инвестиција за време на кризата со вирусот Корона-19. Граѓаните го препознаа инвестирањето во недвижностите како креирање додадена вредност во нивните буџети особено во време на тивка инфлација, поради што сметаме дека побарувачката нема да падне, па недвижностите ќе бидат атрактивни и во следниот период. Понудата во одредени подрачја е очекувано намалена поради мораториумите за градење во изминатите години. Јас лично сметам дека во Скопје треба да се гради, интензивно и квалитетно. Граѓаните треба да се стремат кон купување квалитетни градби, а квалитетот треба да ја одредува цената, да не настане ситуација во услови на намалена понуда на станови на одредени подрачја, цената да ја одредува исклучиво зголемената побарувачка за градби на атрактивни локации.
Поскапувањето се должи на повеќе фактори,



**Зоран Азманов**
Сопственик на градежната компанија Настел

во најголем дел на поскапувањата на градежните материјали, меѓутоа и на генералното поскапување на услугите, репроматеријалите и на другите добра.

**Ги спомнавте најатрактивните локации во Центар и во Карпош, каде што сега квадрат надминува и 1.600 евра, а наскоро може да стаса до 2.000 евра. Кој е на потег да го стабилизира пазарот на недвижности?**

„Вртоглавиот“ раст се должи на немањето доволно локации за градење, блокираните детални урбанистички планови и неносењето нови, порастот на цената на градежните материјали, но и на работната сила, која сè почесто заминува во странство. На потег, според моите гледања, се новите градоначалници, кои во рамките на своите можности и надлежности треба да го стимулираат градењето. Немањето доволно локации за градење во атрактивните зони, блокирањето на ДУП-ови во некои општини, како и неносењето нови ДУП-ови за формирање нови локации по општините, се главните причини за стагнација во градежниот сектор. Нема нови градби, сè е запрено, па затоа се зголемува цената на недвижностите. Градежните комори одамна ги повикаа новите градоначалници да ги откочат деталните урбанистички планови.

Верувајте, намалувањето на новите градби и зголемувањето на цената на локациите директно влијаат на цената на становите. Како друга директна причина е порастот на цените на градежните материјали и на енергенсите, каде што порастот е од 20 до 100 проценти.

**Статистика нотираше раст и на цените на градежните материјали. Колку ќе ги закочи тоа дополнително планираните проекти?**

Цените на градежните материјали за миг се вивнаа нагоре. За само неколку месеци се поскапени за повеќе од 50%. Зголемување има кај песокот, циглите, железото, стиропорот, челичните профили. Поради состојбата со огромното поскапување,

градежниците тврдат дека капиталните инвестиции нема шанси во целост да се реализираат. Надлежните ќе мора да одлучат кои проекти се приоритетни, а од кои ќе се откажат.

Буџетот за годинава предвидува реализација на капитални инвестиции „тешки" над 600 милиони евра, што е најголема сума досега. Сепак, во првите три месеци се завршиле неполни 13% од предвидените активности. Инаку, во последниов период, електронскиот систем за јавни набавки е надвор од функција. Фирмите не можат да ги следат тендерите за кои се заинтересирани да учествуваат. Интензивно се разговара за подобрување на системот во делот на следење на цените по парче и по количини, но засега конкретни промени нема.

**Градежните компании во периодот на пандемијата работеа со намален интензитет. Поголемиот развој зависи од отворањето нови инвестиции за стандардни градби, кои е неопходно да ги има во континуитет. Во периодов има и одлив на работници надвор?**

Сè помалиот број локации не оди во прилог на развојот на оваа многу важна гранка на економијата. Енормното покачување на цените на речиси сите компоненти од градбата кај инвеститорите создава резерви при планирање на идните градби. Прашање е дали куповната моќ ќе може да го следи овој тренд на пораст на цените. И по логика, ако имаме намален број градби, ќе имаме поскапување на цените на становите, а од друга страна, намалување на обемот на работа за градежниците, а со тоа и неможност да ја задржиме работната сила, која секој ден ни бега во странство. Така што, наша сугестија е да се отворат што повеќе можности за градба, ќе биде подобро за сите, ќе имаме поголем развој, вбризгување повеќе пари во економијата, поевтини станови и поквалитетно живеење.

Деловната активност во полето на високоградбата во последните четири години има тренд на постојан пад, што се должи на ограничувачките фактори што предизвикаа сериозни  материјални и нематеријални штети за компаниите поради мораториумот за градба и суспендирањето на деталните урбанистички планови. За да има подобрување во позитивна насока, неопходно е да се почитуваат законите, пред сè Законот за градење и Законот за урбанистичко и просторно планирање, што ќе придонесе за креирање позитивна бизнис-клима за развој и за инвестиции.

**Колку е подготвен градежниот сектор да го промени трендот со цел да им излезе пресрет на потребите на граѓаните ако се создадат услови да може да се почне со засилена деловна активност?**

Вкупната економска криза особено удри врз градежниот сектор во земјава, а државата има механизам да ги ублажи проблемите, како што се веќе преземени мерки во некои од државите од регионот. На потег се државата и општините, кои заеднички со градежните компании може да помогнат полесно да закрепне домашната економија.

**Светот се соочува со голема економска и енергетска криза. Ставот на бизнис-коморите е дека државата треба многу повеќе да се насочи кон мерки за спасување на компаниите. Кои мерки се неопходни во моментов?**

Имаме неколку состојби што можат многу тешко да ја погодат економската активност, да дојде до затворање на компаниите и до намалување на работните места. Државата е насочена да го спасува граѓанството, но итно е потребна и поддршка за компаниите. Мора да се задржи економската активност затоа што без неа, со затворање на капацитетите, ќе создадеме поголем јаз, кој во неизвесноста што ни претстои, може да биде катастрофален. На економијата ѝ се потребни свежи пари, а на градежништвото нови проекти за да заживее целокупниот бизнис-амбиент.

# СТУДЕНТСКАТА ПРАКТИКА – ПРЕЛИМИНАРНА ОБУКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ



**Првиот чекор кон започнување на професионална кариера за секој студент е токму практичната настава како дел од студискиот циклус. Студентската практика претставува еден од круцијалните моменти во процесот на студирањето, која треба да го олесни преминот на студентот од пасивен консумер на информации во активен, свесен и одговорен студент, кој работејќи на практични проблеми, придонесува кон својот индивидуален развој. Најголемиот бенефит од посетување на студентска практика е можноста за учење и за користење на наученото во практиката, односно примена на наученото во реалниот свет.**

Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно со Законот за високо образование, во својата редовна студиска програма ја има интергирано практичната настава за сите студенти.

За деканот на Факултетот за туризам, проф. д-р Сашко Граматниковски, невозможно е да се замисли квалитетен производ без инкорпорирање на практичните знаења во подготовката на идните професионалци од областа што ја изучуваат. Знаењето и искуството добиени за време на  практиката се витална состојка во ефективноста на наставата, вели Граматниковски во разговор за Магазинот за туризам и менаџмент. Тој додава дека автентичните принципи за учење, кои се интегрирани во наставната програма на УТМС, им овозможуваат на студентите да развијат вештини што ефективно ќе ги користат за време на својот професионален раст и развој.

„Преминот од студирање до вработување со полно работно време може да ве исполни со



**Проф. д-р Сашко Граматниковски**
Декан на Факултетот за Туризам на УТМС



возбуда, вознемиреност, надеж и амбиции одеднаш. Летната  практика е добар начин да се пополни некое време на транзиција со работата што се надевате дека ќе ја работите долгорочно. Може да елиминира одреден притисок за брзо наоѓање постојана работа и да ви помогне да ги примените вештините и знаењата што сте ги стекнале во практична ситуација.  Практиката може да ви покаже како една компанија развива лидери наместо само да учи за тоа апстрактно. Можете да набљудувате одлични вештини за управување со времето и да ги забележите оние што сакате да ги имитирате. На крајот ќе стекнете цела низа атрибути за градење доверба што ќе ги примените на вашето идно работно место", вели професорот Сашко Граматниковски.

Универзитетот за туризам и менаџмент има долгогодишна соработка со голем број фирми од областа на туризмот, кои им нудат можност на студентите од оваа високообразовна институција да добијат практично искуство. Професорите се децидни дека времето поминато на практика не е потрошено време, туку искуство што ги проширува хоризонтите на студентот.

„Супервизорите и менторите што ги водат студентите за време на  практиката се многу вредна референција за нив во понатамошниот професионален развој. Колку што се студентите попозитивни и повредни, толку е поголема веројатноста дека менаџерите се подготвени да ги препорачаат за отворени позиции. Референциите генерирани од практиката можат во повеќето случаи да бидат пресудни во барањето работа бидејќи истите тие менаџери ги познаваат лично, па може да видат како практикантите придонеле за компанијата. Моето задоволство е огромно кога ќе забележам како  практиката на најголемиот дел студенти им дава работно искуство, ги запознава со секојдневните барања и задачи на едно работни место, а без цврста посветеност на таа прецизна патека во кариерата. Тоа им помага да одлучат дали одредени работни места одговараат на нивната личност и нивниот талент и им овозможува да запознаат луѓе што можат да им дадат совети и насоки за понатамошната кариера", вели професорот Граматниковски.

Тој додава дека по завшрување на практичната настава, кај студентите се забележува поголема ангажираност и посветеност во извршувањето на тековните задачи.

Најчесто практиката е позитивно искуство и за студентите и за компаниите каде што ја извршуваат. Тоа во најголемиот број случаи е генералниот предуслов студентите во иднина




Деканот Граматниковски со студентите од УТМС на „Конференцијата ЕАТ“ во Нови Сад



да бидат ангажирани на постојана позиција во компанијата. Менаџерите за вработување често ја користат практичната работа како процес на интервју за да одредат кои практиканти би биле погодни за отворени позиции.

„Практиката е еден вид прелиминарна обука за вработување, а одговорните за човечки ресурси и менаџерите ги набљудуваат студентите во различни ситуации за да утврдат дали можеби се вреден додаток во тимот. Најголемата придобивка од практиката е што таа нуди безбеден простор за студентите да добијат вистинско работно искуство. Изборот на кариера се случува на многу млада возраст, а повеќето млади луѓе не се сигурни што сакаат да прават и на што да се посветат. Затоа преку практиката може директно да ја вкусат својата избрана област. Таа исто така им помага да изберат специјалност. Практичната работа може да им помогне да идентификуваат одредена област во својата индустрија или во професијата за која се заинтересирани и да стекнат повеќе знаење, искуство и самодоверба. Секако, една од најважните работи е што го зајакнуваат своето CV, покажуваат дека имаат работно искуство и вештини потребни за определено работно место. Сето тоа, вклучувајќи ги и неизбежните контакти и вмрежувањето со професионалците од соодветно избраната област, ја зголемува нивната пазарна вредност, што им овозможува подобра стартна позиција при вработувањето“, завршува деканот на Факултетот за туризам, проф. д-р Сашко Граматниковски.

Боби Крстевски е студент во трета година на Факултетот за туризам. Задоволен е од условите што на УТМС, бидејќи како што вели, му нудат несекојдневна можност да посетува практична настава во најдобрите компании од туристичкиот сектор во Македонија.

„По завршување на втората година, имав можност да посетувам летна практика во Малта, каде што работев во еден од најреномираните и најлуксузните ресторани во таа земја. Без практика еден студент не може веднаш да се вработи. Ако ниту еднаш студентот немал можност да посетува практична настава или летна практика во странство, многу е мала веројатноста дека ќе постигне успех во работата. Предуслов за успех на секој студент е токму искористување на можноста што ја нуди Факултетот за туризам да биде дел од тој практичен процес“, вели Крстевски. Тој додава дека во зависност од покажаната иницијатива, студентите имаат можност да учествуваат во неколку програми за професионална практика во текот на студирањето, што може многу позитивно да влијае врз нивното знаење и врз можностите за брзо вработување.

Младите се согласни дека теоретската настава



Боби Крстевски, студент на УТМС и вработен во скај-барот на хотел „Панорамика“

не го задоволува целосно образовниот процес, односно дека студентот нема никаков бенефит ако теоријата не ја искуси во практика.

Бојана Арсовска  е на прва година студии на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. По завршувањето на пролетниот семестар, Арсовска е на задолжителна стручна  практика во Хотелот Мирор, во секторот за маркетинг.

„Ова е моето прво практично искуство. Главните обврски што ги добивам од претпоставениот ментор за  практика во најголем дел се однесуваат на промоција на хотелот на меѓународниот пазар, со ставање акцент на соседните земји. Во рамките на едномесечната  практика имав можност да научам како се користи веб-страницата на хотелот како платформа за промоција на услугите во хотелската индустрија. Исто така, менторот обрна големо внимание на социјалните мрежи како средство за промоција. Бидејќи имав предходно познавање за овие работи од мојата теоретска наобразба стекната во текот на студиите, можам слободно да кажам дека совладав добар дел од алатките за промоција на понудата на Хотел Мирор“, вели Арсовска.

Според неа, теоријата и  практиката се подеднакво значајни за да биде еден студент подготвен да работи по завршувањето на студиите.

„Бидејќи јас на некој начин уште на почетокот се насочив на маркетинг во туризмот, сметам дека по четирите години студии поткрепени со практика ќе бидам спремна да одговорам на работните обврски во делот на промоција и продажба во хотелската индустрија“, завршува студентката  и додава дека практичната настава во траење од еден месец што ѝ ја обезбедил Универзитетот, сосема ги задоволила нејзините очекувања.

Бојана Арсовска, студентка на УТМС, извршува практика по социјални медиуми и организација на настани во Хотел „Мирор“



Пишува: **Проф. д-р Наташа Ристовска,**
деканка на Факултетот за претприемачки бизнис на УТМС



# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНОВАТИВНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА МАЛИТЕ И НА СРЕДНИТТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА КАКО ДЕЛ ОД ЕВРОПСКАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ДО 2030 ГОДИНА

Дигиталните технологии имаа клучна улога во одржување на економскиот и на социјалниот живот за време на здравствената криза. Тие ќе бидат клучен фактор за диференцирање на успешна транзиција кон одржливи пост-пандемиски економии и општества. Европските граѓани и бизнис-секторот може да имаат корист од дигиталните можности, па оттука промовирање и на европскиот пристап кон дигиталната трансформација. Со тоа се демонстрира европското дигитално лидерство со заедничка визија за 2030 година.

Придобивки од дигиталната стратегија на ЕУ ќе имаат европските граѓани, бизниси и животната средина.

Дигиталните решенија што се поттикнуваат треба да ги стават луѓето на прво место, да отворат нови можности за бизнисите, да поттикнат развој на доверлива технологија, да негуваат отворено и демократско општество, да овозможат витална и одржлива економија, да помогнат во борбата против климатските промени и во постигнување зелена транзиција.



**Проф. д-р Наташа Ристовска,**
деканка на Факултетот за претприемачки бизнис на УТМС

# ДИГИТАЛЕН КОМПАС НА ЕВРОПА

Дигиталните амбиции на ЕУ за 2030 година се поставени во врска со четири аспекти:

• граѓани со дигитални вештини и висококвалификувани професионалци за дигитални технологии: до 2030 најмалку 80% од сите возрасни граѓани да имаат основни дигитални вештини, а во бројката од 20 милиони вработени ИКТ-специјалисти во ЕУ голем дел да бидат жени;

• сигурна и одржлива дигитална инфраструктура: до 2030 година, сите домаќинства во ЕУ да имаат гигабитна конекција, а сите населени места да бидат покриени со 5G; производството на најсовремени и одржливи полупроводници во Европа да биде 20% од светското производство; 10.000 единици на климатско неутрална високо безбедна компјутерска инфаструктура да биде распоредена во ЕУ; а Европа треба да го има својот прв квантен компјутер;

• дигитална трансформација на бизнисите: до 2030 година, три од четири компании да користат интернет услуги, големи податоци и вештачка интелигенција; повеќе од 90% од МСП да достигнат барем основно ниво на дигитален интензитет; а бројот на бизнисите наречени „unicorn“ (еднорози) во ЕУ да се удвои;

• дигитализација на јавните услуги: до 2030 година, сите клучни јавни услуги да бидат достапни онлајн; сите граѓани да имаат пристап до своето електронско медицинско досие; а 80% од граѓаните да користат електронска карта за идентификација.

## КОНКУРЕНТНА ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА

Европа има за цел да стане глобален лидер и модел за дигитална економија, притоа поддржувајќи ги економиите во развој да се дигитализираат преку воспоставување дигитални стандарди и нивна промоција на меѓународно ниво.

Преку дигиталната стратегија на ЕУ треба да се овозможи развој на иновативни и на брзорастечки стартапи и мали претпријатија со полесен пристап до финансии и можности за ширење на бизнисот, да се обезбеди фер конкуренција, но и законско уредување за дигиталните услуги, како и зголемен пристап до висококвалитетни податоци со обезбедување истовремена заштита на личните и чувствителни податоци.

Дигиталната трансформација е широк концепт што ги опфаќа промените предизвикани од зголемената достапност и употреба на дигитални технологии во речиси сите видови човечки активности. Во контекст на бизнисот, примената на дигиталните технологии предизвикува промени во деловните модели, производите или во услугите, во начинот на кој тие се произведуваат и се испорачуваат, како и во вештините потребни за одржување на конкурентска предност во услови на променливо деловно окружување.



## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА БИЗНИСОТ ВО ЕУ ДО 2030

Патот кон дигиталната иднина на Европа е базиран и на визијата за отворен и конкурентен единствен пазар. Клучните приоритети на новата стратегија за дигитална трансформација се: дигитални вештини, инфраструктура и трансформација на деловните и јавните услуги.   Посебен акцент е ставен на малите и на средните претпријатија, кои имаат централна улога во оваа дигиталната трансформација, не само затоа што претставуваат најголемиот дел од претпријатијата во ЕУ, туку и затоа што се клучен извор и двигател на иновации. Оттука, се очекува иновативната ИКТ-индустрија во Европа да има клучна улога во управувањето со транзицијата.

Пред малите и средните претпријатија се поставени амбициозни цели. Одредени се и основните правци:

• 75% од европските претпријатија да користат интернет-услуги, големи податоци и вештачка интелигенција;

• повеќе од 90% од европските мали и средни претпријатија да достигнат барем основно ниво на дигитален интензитет;

• Европа да ги зајакне иновациите со подобрување на пристапот до финансии, што ќе доведе до удвојување на бројот на бизниси-еднорози („unicorn“) во Европа (стартап-бизниси со вредност од над 1 милијарда долари).

Студиите покажуваат дека во Европа има многу иновативни претпријатија и бизнис идеи, но голем број од нив не успеваат. Поврзувањето на намерата за поддршка на иновативните претпријатија со конкретни цели може да осигура дека конечно успешно ќе се реши јазот помеѓу истражувањето и развојот и успехот на пазарот. Во Европа има речиси идентичен број стартапи како во САД, но нема вистински функционален единствен пазар за брз раст. Еден од столбовите за поддршка на дигиталната трансформација на малите и на средните претпријатија во Европа е мрежата од 200 европски центри за дигитални иновации и индустриски кластери низ ЕУ, кои ќе ги поврзат дигиталните добавувачи со локалните екосистеми, воспоставувајќи деловни партнерства со цел постигнување високо ниво на дигитален интензитет.



Иновациски менаџмент е дел од предметните програми на Факултетот за претприемачки бизнис на УТМС

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНОВАЦИИТЕ ВО ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Малите и средните претпријатија се клучни играчи во европскиот иновациски екосистем. Тие обезбедуваат 83% од работните места и претставуваат повеќе од 99% од бизнисите во Европа, со 50% учество во БДП-то. Во Европа функционираат 5 милиони мали и средни претпријатија, а 50% од нив преземаат иновативни активности. Малите и средните претпријатија имаат суштинско значење за конкурентноста и за просперитетот на Европа, како и за економскиот и технолошкиот суверенитет. Целта е да се зголеми поддршката за нив и да се зајакнат во сите сектори, од иновативни технолошки стартапи до традиционални занаети. Стратегијата за мали и средни претпријатија треба да овозможи подобрен пристап до пазарите односно да ги намали бариерите во рамките на единствениот пазар, како и да придонесе за отворен пристап до финансии за покривање на инвестициите потребни за нивна еколошка и дигитална транзиција.

Традиционално, малите и средните претпријатијата во ЕУ се соочуваат со тешкотии во комерцијализација на своите иновации на пазарот. Оваа ситуација делумно се должи на јазот во финансирањето. Во таа насока е креиран посебен „Инструмент за мали и средни претпријатија“ преку кој треба да се развие и да се капитализира нивниот иновациски потенцијал со пополнување на празнината во финансирањето во раната фаза, финансирање на високоризични истражувања и иновации, како и со зајакнување на комерцијализацијата и на резултатите од истражувањата. Овој инструмент е воведен и во рамки на програмата Хоризонт преку која може да се финансираат индивидуални приватни компании за водење проекти, при што може да се покрие целиот циклус на иновации, од лабораторија до пазар, односно да се добие поддршка за комерцијално искористување на иновациите што произлегуваат од истражувањата. ЕУ лансира и други различни инструменти за поддршка на иновативните мали и средни претпријатија во однос на пристапот до финансии како заеми, гаранции и грантови. Заштитата на интелектуалната сопственост е уште еден важен аспект на иновациите кај малите и средните претпријатија бидејќи им овозможува да обезбедат финансирање, да растат, да соработуваат и да се интегрираат во глобалните синџири на вредност.

Дигиталната трансформација на малите и средните претпријатија е фактор на конкурентност и двигател за раст на економијата и на благосостојбата. Во тој контекст, неопходни се активности за поттикнување на иновациите и на дигитализацијата на бизнисот, особено за малите и средните претпријатија, како и за традиционалните сектори. На крај, може да потенцираме дека зајакнувањето на иновативниот потенцијал со инклузивна дигитална трансформацијата на малите и на средните претпријатија е неопходно за постигнување одржлив развој.

# ТЕМА



**Од ден на ден живејачката во Македонија континуирано поскапува. Драстичниот пораст на цените на храната и на горивата си го направија своето. Парите вредат сè помалку. Најновата цена на струјата, пак, која поскапе во просек за 7,4%, ги докрајчи граѓаните. Сметките ќе стигнат за наплата во наредниот месец, а тогаш скопјани ги очекува и нова, се разбира, поголема цена на топлинската енергија, односно на парното греење во главниот град. И додека трошоците енормно растат и не се знае кога ќе сопрат, државната статистика измери инфлација од дури 14,5% во јуни. Ќе успеат ли граѓаните и тоа оние најсиромашните да го издржат финансискиот товар што од месец во месец станува сè „потежок“?**

Граѓаните сè потешко врзуваат крај со крај. Многумина мака мачат како да го поминат месецот. Откако Владата на стартот на минатиот месец ги укина антикризните мерки, цените на прехранбените производи и на горивата се вивнаа нагоре. По повторното ограничување на маржите, цените не се вратија на старите нивоа. Населението со ограничени примања сега треба да одвои многу повеќе пари само за набавка на најосновните продукти. Велат џебовите им се сè попразни, а освен за храна, сметки и за гориво, ништо не останува за други потреби.

# ДРАСТИЧНО ПОСКАПЕ ЖИВОТОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**„Сѐ поскапува. Еве, на пример, лебот секој ден денар два се качува нагоре. Посебно сирењето. Претходно го купував за 300 денари, сега е поскапено на 480 денари. Тоа се ненормални цени. Каде можеме да го издржиме ние тоа нон-стоп?“**

**„Сѐ е поскапено, речиси сѐ. Знаете на кого му е добро сега? Само на оние со многу високи плати. Просечниот граѓанин може да умре за леб.“**

**„Порано сум трошела повеќе, сега дојде време да штедиме на храна. Порано сум купувала два литри зејтин на две недели, сега само пола литар. Сега не ми стигнуваат парите, па нормално внимавам колку ќе трошам. Јас сум пензионерка. Пензијата ми е 11 илјади денари. Нема друг начин. Некогаш и децата ми додаваат некој денар за да врзам крај со крај.“**

Ова го велат граѓаните што ги сретнавме во близина на пазарот во Буњаковец.

Паричниците се празнат брзо, граѓаните бараат итни мерки



# ИНФЛАЦИЈАТА ГО „ИЗЕДЕ“ ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

Како што посочивме претходно, парите вредат сè помалку. Џабе се зголеми минималната плата, а просечната надмина 30.000 денари, кога порастот „го изеде“ инфлацијата. Таа се зголеми од 12% на 14,5% за само еден месец.Тоа значи дека просечната плата од 31.500 денари сега вреди 4.500 денари помалку, односно е исто како во џеб да имате 26.900 денари. Финансискиот удар е уште поголем за оние со најниски примања. Во јуни, на оние што добиваат минималец, 18.000 денари им вредат 2.600 денари помалку, односно е исто како да заработуваат само 15.400 денари.

Податоците од статистика покажуваат дека најмногу „скокнале“ цените на транспортот за дури 31,4%. Храната, пак, поскапела за 21%, сметките за комуналии и трошоците за горива биле повисоки за 9,4%, додека рестораните и хотелите ги зголемиле цените за 12,3%. Кај храната, најголем пораст на цената е забележан кај маслото за јадење од дури 51%. Следи лебот, кој поскапел за речиси 31%, а за месо требало да се издвојат за 18,4% повеќе пари. Околу 20% зголемување има кај млекото, сирењето, јајцата, зеленчукот, шеќерот. Огромни поскапувања во јуни на годишно ниво се забележани и кај трошоците за домување и кај горивата. За струја сега граѓаните издвојувале за 9,4% повеќе пари. Течните горива и гасот се за дури 64% поскапи споредено со јуни во минатата година. Цените на цврстите горива се зголемиле за речиси 14%, а сметките за парно греење за плус 9,4 отсто.Трошоците за транспорт пак биле поголеми поради енормниот раст на цените на горивата. Моторните возила поскапеле за 10%, а транспортните услуги за 18,6%. Граѓаните сега треба да плаќаат за една петина повеќе за превоз со автобус, додека патувањето со авион е поскапо за 14%. Единствен превоз кај кој воопшто нема никаква промена во цените е железничкиот.

Професорот Зоран Ивановски од Универзитетот за Туризам и Менаџмент смета дека инфлацијата е уште поголема.

**„Стапката на инфлација треба да се земе со доза на резерва, бидејќи во одредени сектори и на одредени производи имаме и поголем раст на цените, така што некои реални анализи покажуваат дека сме можеби блиску и до 20% инфлација. Во однос на тоа дали можеме да очекуваме подобрување, сè ќе зависи од геополитичката ситуација, дали ќе има смирување на цените што потекнуваат од конфликтните зони, а се поврзани со цените на енергенсите, металите, итн. Она што треба да биде јасно е дека можностите за интервенција и за спречување на инфлацијата се прилично лимитирани и се ограничени на дејствувањето врз монетарната политика. Во однос на можностите инфлацијата да се намалува, јас би го оставил тоа за следната година, како што покажуваат и проекциите на меѓународните финансиски институции“,** вели Ивановски.

Трпезата станува сè поскромна



## СИНДИКАЛНАТА КОШНИЧКА СЀ ПОСКРОМНА

Сојузот на синдикати, пак, измери рекорден пораст на т.н. синдикална кошничка, односно колку пари треба да одвои едно просечно четиричлено семејство во Македонија за да го „истурка" месецот. Податоците за јуни се поразителни. Ниту две минимални плати не се доволни за купување на најосновните работи. Речиси 40.000 денари треба да се одвојат за храна и сметки. Тоа значи дека вредноста на потрошувачката минимална кошничка за една година е поголема за 5.500 денари. Порастот на трошоците пред сè е резултат на зголемените цени на храната. Од јуни лани до истиот месец годинава сметката за набавка на најнеопходните прехранбени производи е зголемена за над 3.000 денари. За 1.000 денари во просек се зголемени трошоците за подмирување на комуналните сметки во домот.

Алармантно е што една минимална плата од 18.000 денари е доволна само за храна. За домување треба да се одвојат 11.800 денари, за хигиена 2.700 денари, за превоз 3.500, за облека и обувки 2.200 денари, за култура нешто над илјада денари, за здравје 787 денари.

**Вредноста на Синдикалната минимална кошница за јуни 2022 година изнесува**

**39 710,00 денари**

| Ред. број | Елементи кои ја формираат вредноста на минималната синдикална кошница | Месец 06 2022 | % учество структура |
|---|---|---|---|
| 1. | **Исхрана и пијалоци** | **17 613,92** | **44,36** |
| 2. | **Домување** | **11 801,36** | **29,72** |
| 3. | **Хигиена** | **2 731,05** | **6,88** |
| 4. | **Превоз** | **3 498,24** | **8,81** |
| 5. | **Облека и обувки** | **2 210,88** | **5,57** |
| 6. | **Култура** | **1 067,86** | **2,69** |
| 7. | **Одржување на здравје** | **787,05** | **1,98** |
| | **Вкупно:** | **39 710,37** | **100,00** |

**Две минимални плати недоволни за задоволување на најосновните потреби**

*Извор: ССМ*

## СИНДИКАЛНАТА КОШНИЧКА НЕПРАВИЛНО СЕ ПРЕСМЕТУВА

Многумина, пак, тврдат дека ниту синдикалната кошничка не го одразува вистинскиот стандард на населението бидејќи синдикалците земале многу ниска стартна основа. Без разлика на ниските примања, да се пресметаат едвај 800 денари за здравствени услуги за 4 лица во домот, односно само 26 денари на ден во услови кога многу семејства трошат илјадници денари само за терапија и за лекови месечно било нереално. Пресметката покажува дека на едно просечно семејство му требаат само 600 денари на ден за храна, односно 150 денари по човек. За хигиена четричлено семејство има на располагање 90 денари на ден, а за култура 30 денари.

# СТРУЈАТА ПОСКАПЕ ВО ПРОСЕК ЗА 7,4%

Во низата поскапувања, во јули на ред дојде и струјата. По повеќенеделни дебати, се воведе и реформа во пресметката на струја за граѓаните, односно воведување на т.н. тарифник. Струјата поскапе во просек за 7,4%. За најголем дел, односно за 99% од домаќинствата сметките во просек се зголемија за околу 400 денари. Евтината тарифа која важи од 22 часот навечер до 7 часот наутро и цел ден во недела поскапе за 8,69%. Цените на скапата струја пак се делат во 4 блока. За првиот со потрошувачка до 210 киловатчасови, цената се зголеми за 5,5%, во вториот блок со потрошувачка од 211 до 630 киловатчасови  цената има пораст за 10,3%. За третиот блок од 631 до 1.050 киловатчасови цената е повисока за 18,3%, а за четвртиот со потрошувачка над 1.050 киловатчасови зголемувањето е дури 138,7%.

**„Ако има потрошено некој потрошувач 1.100 киловатчасови, првите 210 киловатчасови ќе се наплатат по цена за првиот блок, од 210 до 630 киловатчасови значи 420 киловатчасови ќе се наплатат по цена за втор блок, од 630 до 1010 киловатчасови значи разликата се наплаќа по цена за трет блок, од 1050 до 1100, само тие 50 киловатчасови ќе се наплатат по цената за четвртиот блок“**, објасни Марко Бислимовски, претседател на Регулаторната комисија за енергетика.

Пресметките покажуваат дека едно просечно семејство што внимава и штеди струја, максимално ги вклучува уредите на евтина струја и се лади и грее на климатизер без инвертер, од први јули плаќа околу 400 денари повеќе. Во сметките за струја, секое домаќинство одделно ќе има просечна цена на струјата, зависно од блоковите, па можностите за споредба со други семејства се сведени на минимум.

Граѓаните веднаш се кренаа на нозе. Новиот тарифник ретко кој го разбра. Промената со 5 цени на струјата, една во ниската и 4 во високата тарифа го збуни населението. Ретко кој слушна дека на веб-страницата на Регулаторната комисија има калкулатор за да може секој да го пресмета поскапувањето. Оние што знаат, велат дека едвај го нашле, а пресметките биле неразбирливи и конфузни.

**„Ние не знаеме да го правиме тоа. Зошто јас да го контролирам тоа. Ќе дојде сметка, ќе морам да платам.“**

**„Не знаеме, конфузно е. Треба да се прочитаат критериумите. Не знам дека има калкулатор. Ќе проверам.“**

**„Да, конфузен е. Баш сабајле ја гледавме сметката. Јас не можам точно да разберам која е поскапа, која е поевтина“**, велат граѓаните.

Едно е сигурно, сметките ќе бидат поголеми, а ако се земат предвид сигналите од малите и од средни претпријатија што ќе плаќаат и неколкукратно повисока цена, ќе следува нов бран поскапувања на сите производи.

Струјата поскапе во просек за 7,4%



## ПО ОГРОМНИОТ СКОК, ГОРИВАТА ПОЕВТИНИЈА

Откако нафтените деривати речиси секојдневно поскапуваа во мај, во јуни го доживеаја пикот кога еуросупер 98, 95 и дизелот надминаа 110 денари по литар. Драстичниот пораст се случи откако владата на стартот на јуни ги укина антикризните мерки, кои вклучуваа откажување од дел од ДДВ-то и од акцизите. Сепак, цените на берзите колку-толку се стабилизираа, па цените на горивата, по малку, но два или три пати неделно или се намалуваа или стагнираа. На средината на јули, дизелот се продава за 100 денари, а 95-ката и 98-ката за 105 односно 107 денари по литар.

## АНТИКРИЗНИ МЕРКИ – ИТНО ПОТРЕБНИ

Во јуни, освен ограничувањето на маржите, антикризните мерки „секнаа". Овој јаз што се појави само ја доуништи финансиската состојба како на граѓаните, така и на фирмите. Додека населението цел месец бараше итни мерки, Владата и кон средината на јули не се изјасни како планира да им помогне. Се знае само дека се чека ребалансот на буџетот да помине во Собранието, за да се дознае каде се планира да се потрошат 76-те милиони евра со кои Владата се фали дека ќе им помогне на најзагрозените категории и на стопанството.

Компаниите ја губат ликвидноста и помош за нив мора да има. Сепак, универзитетскиот професор Зоран Ивановски апелира Владата да ја напушти политиката на т.н. „сиромашна економија" во која постојано разни групации бараат некаква помош и субвенции. Таргетот на новиот пакет мерки, според него, треба да биде насочен кон бизнисот бидејќи фирмите ќе го наполнат повеќе буџетот и ќе креираат повисок економски раст.

**„Државата и владата да размислат како да го променат амбиентот и да креираат подобри услови за стопанските субјекти, каде што во фокусот ќе се најдат оние гранки што можат да ја повлечат економијата напред. На Македонија во вакви услови ѝ треба економски раст кој по својот износ може да ги надмине каматните стапки по кои треба да се задолжиме"**, вели Ивановски.

Креаторите на економските политики треба да внимаваат борејќи се со инфлацијата, дополнително да не ударат врз економскиот раст. Ивановски не е поборник на зголемување на давачките во овој период, затоа што тој потег би ги погодил токму секторите што најмногу го полнат буџетот. Според него, стагфлацијата е реална опасност што може да предизвика дополнителни проблеми во економијата. Апелира до властите да избегнуваат популистички мерки, бидејќи наместо форсирање на сектори што создаваат дополнителна вредност, креираат стопанство зависно од владини субвенции и помош.

**„За мене опасноста од стагфлација е реална и ја имаме инфлацијата ,ante portas'. Поради тоа, јасно е дека мерките треба да бидат насочени кон поддршка на реалните инвестиции и тоа оние што носат и што влечат напред, односно обезбедуваат подинамичен економски раст"**, вели Ивановски.

Не само домашните аналитичари туку и странските очекуваат продлабочување на инфлацијата во текот на летото. Последен во низата предупреди и Меѓународниот монетарен фонд, кој дополнително тврди дека е зголемен ризикот од глобална рецесија. ММФ во текот на месецов повторно ќе ја ревидира проекцијата за економски раст надолу. Фондот тврди дека економиите ќе претрпат дополнителен силен удар, стагнација или пад како резултат на напорите на владите и на централните банки да ја зауздаат инфлацијата.

# ИНТЕРВЈУ СО ТИМЧО МУЦУНСКИ

## Градоначалник на Општина Аеродром

*Работењето на општина Аеродром е пример за посветена работа, која ќе ја пресликаме и на централно ниво*

„Во локалната самоуправа можете да им излезете побрзо во пресрет на граѓаните, затоа што тоа е всушност првиот праг преку кој тие ги остваруваат своите права. Мора да работиме на внесување промени што треба да ги почувствуваат сите граѓани на Македонија“, вели во ексклузивно интервју за Магазинот за туризам и менаџмент градоначалникот на општина Аеродром, Тимчо Муцунски. Тој вели дека со својот тим и со општинската администрација секојдневно работи со силно темпо и е максимално вложен во реализација на идните проекти. Во општината во која се негуваат спортскиот дух и традиција, ќе се гради и нов репрезентативен стадион со капацитет од 12.000 гледачи.




**Тимчо Муцунски,**
Градоначалник на Општина Аеродорм



**Господине Муцунски, ја добивте довербата на граѓаните да раководите со најголемата општина на територијата на Град Скопје, која со години наназад се соочуваше со низа комунални проблеми и со слаба реализација на проекти. Како се снајдовте со овој предизвик, да ги засукате ракавите и веднаш да се фрлите на работа?**

Самото тоа што огромен број аеродромци на изборите ми ја дадоа довербата да ја водам нашата општина е доволен мотив да се соочам со предизвикот што го носи градоначалничката функција. Станува збор за една политичка позиција што бара уште од првиот ден да се фатите за сериозна работа бидејќи во спротивно би можеле да ја изгубите довербата на граѓаните и уште поважно – да потфрлите во реализацијата на ветеното. Оттаму, со самото тоа што многу често се движам помеѓу народот, ги сослушувам граѓаните и нивните потреби, гледам дека тие се желни за промени, за подобра и попосветена работа, а тоа е токму она што јас и мојот тим го понудивме во првите седум месеци од мандатот.

**Она што беше прво забележително, уште при Вашето стапување на функција, беше решавањето на комуналните проблеми што ги мачат жителите на општината. Изградба на велосипедски и на пешачки патеки, ослободување на тротоарите односно нивно враќање во функција на пешаците. Но, пред сè, го решивте проблемот со сметот, нешто што навистина беше грда слика за една толку голема и економски значајна општина.**

Уште од првиот ден се зафативме токму со оние работи што ги евидентиравме дека најмногу ги мачат аеродромци, а кои истовремено не бараат огромна инвестиција за нивно решавање. Потребна беше само политичка волја од нас како носители на највисоките функции на локално ниво и токму тоа го нарпавивме. Како што е евидентно дека наследив општина што тонеше во ѓубре и отпад, евидентни се и промените остварени како преку неколку големи акции за чистење на депониите и на критичните точки, така и во постепената промена на начинот на кој се управува со отпадот. Од огромно значење во сите овие процеси на чистење и на зазеленување на општината, на справувањето со сообраќајниот хаос и со узурпацијата на тротоарите и на велосипедските патеки, е соработката со службите на Град Скопје, со кои постојано ја интензивираме соработката.

*„Жителите на Аеродром, да бидам искрен, не бараат ништо премногу и нешто нереално. Станува збор за прашања на кои ако им се посветите доволно, може да се решат многу брзо. Тоа што многу ме радува е што аеродромци ми пристапуваат и со многу креативни идеи и решенија за тоа како заедно можеме нашата општина да ја направиме уште поубаво место за живеење. Она што е важно е дека секој еден од нас треба да влезе во политичките процеси со максимална мотивација и да даде добар пример во воспоставувањето вистински европски стандарди во политиката.“*



**Заедно со градоначалничката на Град Скопје, најавивте изградба на Мегапарк, проект кој со нетрпение го очекуваат жителите на Општина Аеродром, но и сите други скопјани. Како течат подготовките за реализација на овој навистина голем потфат?**

Локацијата на овој мегапарк што го изработуваме заеднички со Градот Скопје е на потегот од паркот „Авион“, па сè до Рајскиот парк на последна петка. Вкупната површина што ќе ја опфаќа изнесува околу 100.000 квадратни метри. Меѓу првите чекори што ги презедовме по стапувањето на нашите функции беше чистењето на овој потег, загаден со години од оние што незаконски истураа ѓубре, при што беа изречени голем број санкции. Со тоа, докажавме дека во Аеродром нема толеранција за диви депонии и загрозување на животот на граѓаните, туку напротив, дека сме фокусирани на инвестиции во зелени површини и во нови места за релаксација и за рекреација. Координација меѓу нас и Градот Скопје како најзасегнати страни се остварува на редовно ниво, па се преземаат сите чекори за што поскоро да се започне со работа. Како најубава новост во целиот наш план дојде и веста од Фудбалската федерација на Македонија, од каде што е обезбедена донација за изградба на нов репрезентативен стадион во непосредна близина, со капацитет од 12.000 гледачи.

**Развојот на општините е во подем, расте бројот на жители, што е од една страна добро за општинскиот буџет, но тоа отвора и други прашања, на пример оној горлив проблем на мајките со недостиг од места во градинките. На самиот почеток од Вашиот мандат најавивте изградба на нови детски градинки. До каде се овие проекти?**

Подготовките за изградба на нови детски градинки се одвиваат во најдобар ред, дури и покрај тоа што дотациите и трансферите од страна на Министерството за образование и наука и на Министерството за труд и социјална политика се помали за 20 милиони денари од претходната година. Во време на светска енергетска криза, при што и Општината чувствува огромен товар врз буџетот од зголемените трошоци за струја,

помош од централната власт за општините речиси и да не постои. Сепак, нашиот дел од обврските ќе биде завршен, па до крајот на 2022 година ќе биде пуштена во употреба една детска градинка со капацитет од неколку стотици дечиња. Дополнително на тоа, презедовме конкретни чекори во дворот на ОУ „Блаже Конески" повеќе да нема кафеана, а на нејзино место ќе се гради детска градинка. Со проширување на капацитетите на постојните и со силна заложба за исполнување на ветените четири детски градинки, сигурен сум дека до крајот на мандатот ќе го решиме овој проблем што најмногу ги засега родителите.

**Воспоставивте практика на редовни средби со граѓаните – на какви локални проблеми се жалат и со какви барања доаѓаат на средба со градоначалникот?**

Жителите на Аеродром, да бидам искрен не бараат ништо премногу и нешто нереално. Станува збор за прашања на кои ако им се посветите доволно, може да се решат многу брзо. Тоа што многу ме радува е што аеродромци ми пристапуваат и со многу креативни идеи и решенија за тоа како заедно можеме нашата Општина да ја направиме уште поубаво место за живеење. Она што е важно е дека секој еден од нас треба да влезе во политичките процеси со максимална мотивација и да даде добар пример во воспоставувањето вистински европски стандарди во политиката. Сметам дека за сега во Општина Аеродром даваме доволно добар пример за посветена работа, со тоа што ќе ги вложиме сите напори за позитивните примери да ги отсликаме и на централно ниво. Доколку направам паралела меѓу локалната и централната власт, би истакнал дека во локалната самоуправа може да им излезете побрзо пресрет на граѓаните, затоа што тоа е всушност првиот праг преку кој тие ги остваруваат своите права. Мора да работиме на внесување промени што треба да ги почувствуваат сите граѓани на Македонија.

**Во Вашата програма ставивте акцент на проекти за развој на младите, меѓу кои и ХАБ за млади претприемачи. За што поконкретно станува збор?**

Аеродром е една од најмладите општини во Скопје и воедно е место за престој на илјадници студенти од сите делови на Македонија. Затоа, од клучно значење е да ја обезбедиме потребната инфраструктура и да создадеме услови во кои младите луѓе ќе имаат доволно можности и ќе можат да ги остваруваат сите свои цели. Станува збор за таканаречен мултимедијален центар, кој ќе обезбеди простории за развој на старт-ап бизниси, читална за младите студенти, но и за оние работи што ѝ недостигаат на најголемата општина во Скопје како кино, театар, простор за изложби, галерија и ред други содржини. Со овој и многу други проекти, ќе ги сконцентрираме сите потребни работи на територијата на Општина Аеродром и ќе ги направиме достапни за жителите во секое време.

**Вие сте страстен спортски навивач, но и преку Вашата работа е евидентно дека вложувате и во спортот. За тоа сведочат повеќе проекти за изградба на спортски терени за рекреација на младите. Ќе продолжите ли со ваквата практика и во иднина?**

Секако дека ваквата практика ќе продолжи и во идниот период бидејќи инвестицијата во младите и во нивниот здрав и правилен раст и развој треба да биде врвен приоритет за сите. Како општина во која живеат претежно млади лица и која има извадено врвни професионални спортисти, можеме да констатираме дека спортската инфраструктура заслужува сериозна инвестиција. Од проектите што ги спроведовме би ги навел инвестицијата во спортскиот центар и во спортското игралиште во Ново Лисиче, кои сега ги носат имињата на прерано починатите спортисти Марко Божиновски и Никола Христовски – Коњо. Со инвестиција во овие терени, со одржување и санација на огромен број детски и спортски игралишта, како и со изведба на нови спортско-рекреативни површини и објекти низ целата општина,

сметаме дека ќе да дадеме сериозен придонес и одличен пример за тоа кој е начинот на кој треба да се градат здрави млади личности.

**По седум месеци на оваа функција, кога ќе погледнете наназад, дали сте задоволен од сработеното досега?**

Ова е прашање кое би сакал да го одговорат самите граѓани, а не јас како градоначалник. Ако ме прашате мене, задоволен ќе бидам кога на крајот на мандатот ќе видам капитални проекти зад нас и среќни граѓани што уживаат во секојдневието во Аеродром. Она што можам да го гарантирам и од што сум многу задоволен е енергијата што заедно со мојот тим и со општинската администрација секојдневно ја вложуваме во работата. Сега е потребно да се задржи тој позитивен моментум и да се продолжи со засилено темпо.

**Важите за пример како треба да работи еден државен функционер избран од народот. Активен сте на социјалните мрежи, а од објавите што ги споделувате, жителите на општината може да забележат дека секојдневно сте на терен. Честопати во текот на целиот работен ден имате многубројни активности. Како ги менаџирате сите обврски и како Ви тече еден работен ден?**

Токму да се биде меѓу народот и секогаш достапен за народот претставува и една од главните задачи на секој носител на каква било политичка функција. Агендата многу често е интензивна, но тоа е она што е најпотребно со цел сите ветувања и сите започнати работи да бидат завршени. И претходно, како професор на Правниот факултет и како пратеник во Собранието сум имал работни денови со огромен број обврски, но локалната самоуправа има еден поинаков карактер, кој ви дозволува да откриете способности што не сте знаеле дека ги поседувате. Се водам според принципот дека кога нешто се сака, може да се исполни и да се оствари, па оттаму работниот ден ми е обликуван според потребите на граѓаните, увидот во работата на различни локации низ општината и сите други обврски што произлегуваат од градоначалничката функција.

**Ќе се надоврзам на ова, па ќе кажам дека Вашите вработени Ве посочуваат како еден позитивен пример на човек на висока функција што на работното место доаѓа со електричен тротинет. Дали се ова навики што ги имате стекнато за време на вашиот престој во Канада или едноставно, тоа е во вашата природа, да бидете рационален?**

Користењето на алтернативни средства за превоз како што се електричните тротинети, особено на помали и секојдневни дистанци, е нешто што треба да го поседува секој поединец кој би сакал да придонесе кон здрава и чиста животна средина. Како политичар и носител на јавна функција, можам да изразам задоволство што токму во оваа моја навика граѓаните гледаат позитивен пример што станува сè поголем тренд низ Скопје и низ цела Македонија. Во оваа прилика, би сакал да напоменам и дека од моето стапување на функција, Општина Аеродром за прв пат покрај средства предвидени за купување велосипеди, ќе исплаќа субвенции и за електрични тротинети. На овој начин ја поттикнуваме токму оваа рационалност за која зборувате, а со што секој еден граѓанин ќе може да придонесе за околината во која функционира.

**Вие сте и сопруг и татко, често со Вашиот син знаете да посетите некоја културна манифестација или спортски настан во рамки на општината. Како балансирате помеѓу работните обврски и семејството?**

Често на ова прашање се одговара со тоа дека, ако се сака, можно е да се успее и да се избалансираат повеќе нешта. Но, јас би бил потполно искрен и би додал дека без поддршка на семејството, особено без поддршката и помошта што ја добивам од мојата сопруга, потешко би успеал во остварувањето на моите зацртани цели. Мојата посветеност на работата и на политиката, максимално се обидувам да не се одрази врз мојот семеен живот. Секој




**Тимчо Муцунски,**
градоначалник на Општина Аеродорм



слободен миг им го посветувам на моите најблиски, особено на мојот четиригодишен син. Тој е едно активно и весело дете, кое сака да се дружи и да биде опкружено со луѓе. Наоѓаме време и за семејни патувања, културни настани, а на спортските случувања секогаш го земам мојот Иан.

**Раководите со општина што е економски јака и во која егзистираат голем број мали и средни бизниси, па оттука, каква е соработката со бизнис-заедницата?**

Соработката со малите и со средните претпријатија и воедно со бизнис заедницата во Општина Аеродром би ја оценил со највисока оцена. Благодарение на општествено-одговорните компании, успеавме да излеземе од рамките на предизборната програма и на дадените ветувања и да реализираме проекти од огромно значење за аеродромци што претходно не биле предвидени. Бидејќи тие функционираат на територијата на Аеродром, овие претпријатија воедно претставуваат и еден од најголемите извори на приходи за општината, што значи дека добрата комуникација и подобрување на општите услови за нивна работа се од витално значење за нас. Очекувам добриот однос што го имаме да продолжи и во наредниот период и заеднички да придонесеме кон подобрување на секојдневието на аеродромци.

**И за крај, покрај во економска, Македонија е и во длабока политичка криза. Вие, сте градоначалник, но и потпретседател на најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ. Како ја оценувате актуелната состојба во земјава и каде го гледате излезот од кризата?**

Излезот од оваа исклучително тешка ситуација во која се наоѓаат Република Македонија и нејзините граѓани го гледам во што побрзо одржување на предвремени парламентарни избори. Од преземањето на најголем дел од општините низ цела држава, докажавме дека ВМРО-ДПМНЕ поседува капацитети и има една нова генерација политичари што се докажува како способна да донесе вистински промени во животот на граѓаните. Оваа свежина, надеж и енергија што ги донесовме во рамки на локалната самоуправа, можеме да ги пренесеме и на централно ниво, па Македонија да осети вистинска промена. На граѓаните им е доста од тапкање во место и од економска стагнација, а ние како најголема опозициска сила имаме план, програма и желба да ги донесеме тие промени. Македонија го заслужува тоа.



**Охридска ахитектура**
*Извор: shutterstock.com*

# ПОЧНУВА ЛИ ОХРИД ДА ГО ГУБИ ТУРИСТИЧКИОТ СЈАЈ ИЛИ Е ОВА САМО ПРИВРЕМЕНА КРИЗА?



Масовната изградба на хотели и на станбени згради, многубројните дивоградби и непланското градење, со години ја „подгризуваат“ убавината на Охрид. Македонскиот Ерусалим или најголемиот туристички бисер на земјава веќе некое време упорно се обидува да се натпреварува со околните дестинации во кои државите вложуваат многу повеќе во туризмот и во угостителството. Откако минатата летна сезона плажите по должината на крајбрежјето изгледаа како од пред неколку децении, годинава градот повторно се одлучи да им ги даде на концесионери. Сепак, на стартот од јули, плажите зјаат празни поради недоразбирање односно препукувања меѓу централната и локалната власт. Но, Охрид не е само градот. Најубавите плажи се распослани по должината на патот што води до манастирот Св. Наум, а ние ќе се обидеме да ви ја доловиме не само сликата за туристички Охрид, туку и атмосферата што годинава ја живеат помалите населени места на крајбрежјето.

# КАВГА НА ЦЕНТРАЛНАТА И ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ОКОЛУ КОНЦЕСИИТЕ ЗА ПЛАЖИТЕ

Летната сезона само што започна, а стартот стандардно го одбележуваат многубројни проблеми. Откако поранешниот градоначалник лани во јуни ги уриваше објектите поставени на плажите, ги исчисти и за нив за првпат по долго време не се грижеа концесионери, новиот градоначалник реши уште веднаш да ја промени оваа одлука. Уште кога ја презема функцијата, градскиот татко Кирил Пецаков најави дека Охрид ќе добие уредени плажи, но не и платформи поставени длабоко во езерските води, согласно со стандардите и препораките од УНЕСКО. Граѓаните имаа различни реакции, некои беа задоволни што плажите беа „исчистени“ од чадори и лежалки, кои од година во година чинеа сѐ поскапо. Други, пак, критикуваа дека со уривање на атрактивните платформи, туристичкиот центар стана неуреден и непримамлив за многумина. Се жалеа дека нема од каде да купат во близина ниту вода, ниту сок, ниту основна храна. Планот на Пецаков беше само дел од плажите да бидат уредени и тоа исклучиво со користење на природни материјали како дрво, а лежалки и чадори да бидат поставени само на половина од просторот за да може останатиот дел слободно да се користи од рекреативците.

Министерството за транспорт и врски и Владата преку Агенцијата за планирање на просторот го изработуваат Урбанистичкиот план за крајбрежниот појас на Охридското Езеро во кој  целосно ќе бидат вклопени препораките на УНЕСКО, со што ќе се заштити крајбрежјето на езерото. Но, градоначалникот тврди дека овој план сѐ уште не е донесен, па затоа плажите зјаат празни. Според него, катастрофални се последиците од неажурноста на надлежните институции кои четири години не ги понудиле плажите под коцесија и не се потрудиле да најдат преодно решение пред почетокот на летото.

„За тоа е потребно да се изработи планот за управување со охридското крајбрежје. Изгледа како Агенцијата за просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да имаат други побитни работи, или ова не е во нивниот фокус. Не се случува ништо периодов иако имавме чести контакти и јас како градоначалник, а и претставници од Секторот за урбанизам биле на состаноци и во Агенцијата за просторно планирање и во Министерството, меѓутоа состојбата е статус кво. Дури се понудивме за изработка на планот, да ги изработиме точно опфатите каде што ќе се плажите. Според тој план,

**Трпејца - мало туристичко селце со голем потенцијал**
*Извор: travel2macedonia.com*



охридското крајбрежје би можело да има 15, 20 или 30 уредувања на плажи, ние да земеме да ги изработиме од нашиот сектор за урбанизам и потоа да ги дадеме на начин на кој што ќе се одлучи да се стопанисуваат, меѓутоа и така не наидовме на разбирање", вели Кирил Пецаков, градоначалник на Охрид.

Владата, пак, тврди дека не го кочи уредувањето на плажите на охридското крајбрежје. Министерот за транспорт Благој Бочварски смета дека општина Охрид може самата да ги уреди плажите согласно со генералниот урбанистички план и препораките на УНЕСКО.

„Има јасно утврдени критериуми и законски процедури како може Охрид или која било друга општина да пристапи кон уредување на плажи и тоа е согласно валиден изработен урбанистички план или урбанистичко планска документација. Ако се наоѓа во рамките на генералниот урбанистички план и за таквата процедура и постапка согласно со новиот Закон, се изработува проект што нема ни потреба да пристигне во Министерството или во Владата, така што Охрид или која било друга општина што има потреба, има таква можност, нема потреба да пристапи кон Владата за каква било согласност. Можат сами да си ги изработат тие планови и да донесат такви урбанистичко-плански документации, по што следува издавање на тие плажи со јавна лицитација или оглас за краткотраен закуп од една до пет години и таа постапка исто така се води во општина Охрид", вели Бочварски.

Со новиот урбанистички план се очекува да се решат проблемите во најголем дел со неусогласената висина на крајбрежните објекти и нивното штетно влијание врз природното и културното наследство. Планот ќе препорача детално што и каде смее да се гради со која габаритност и од каков материјал. Ќе ги содржи сите препораки на УНЕСКО со цел да се зачуваат наследството и статусот на регионот кај оваа организација. Изработката на планот „тежи" 30 милиони денари.

Инаку поранешните концесионери на плажите, при уривањето лани во јуни беа обвинети дека нелегално заработувале милионски суми, бидејќи договорите за концесија им биле истечени уште во 2018 година. Дел од концесионерите се решија да ја тужат општината, бидејќи тврдат дека плаќале концесии со истечени договори. Имено тврдеа дека јавната лицитација во 2018 година била поништена, а нови не се спровеле, па затоа ситуацијата останала статус кво.

И додека градоначалникот, инаку кадар од ВМРО-ДПМНЕ, и централната власт си ја префрлаат топката, факт е дека на стартот од јули, Охрид почнува да се полни со туристи, а плажите се во иста состојба како и лани.

**Ноќна панорама од Охрид**
*Извор: shutterstock.com*



## НЕМА СПАСУВАЧИ

Не само што нема уредени плажи, туку тие немаат ниту спасувачи. Само 8 луѓе се пријавиле да бидат спасувачи на плажите и тоа само на оние што имаат концесија. Тие поминаа обука за спасители на отворени води, која се одвива под водство на национални инструктори за безбедност на вода со помош на инструкторите на Црвен крст од Охрид. Оттаму велат дека иселувањето на младите си го направило своето, па ретко кој сака да се занимава со оваа хумана професија.

„Заедно со останатите спасители што ни се на располагање се надевам ќе бидат доволни да се грижат за безбедноста на капалиштата. Спасители ќе бидат обезбедени за плажите што имаат концесионери, односно плажите пред хотелите, секако на нивно барање. Во минатата година, кога плажите беа преуредени од страна на локалната, имавме патроли и на овие плажи. Знаејќи ги видувањето на локалната од минатите години и финансиската состојба, не би излегувале со спасители на секое капалиште, но како превенција добро е да имаме патроли што би се движеле и би биле постојано во тие осум часа на еден поголем потег, на пример од Горица 3 до Гранит, каде што е најфреквентно, и на делот кај Канео, Потпеш, на тие капалишта", вели Сашо Точков од Црвен крст од Охрид.

Трговците во Охридската чаршија ќе работат и во недела и за празници



## РАБОТА ВО НЕДЕЛА

Откако Владата на стартот од годинава одлучи со законски измени да го оневозможи работењето во недела, најголемо незадоволство ваквата одлука предизвика токму кај дуќанџиите во Старата чаршија во Охрид. И покрај спротивставувањето на синдикатите, трговците беа решени да извршат притисок врз министерот за економија да направи исклучок за Охрид и за Струга. Нивниот аргумент беше дека најголемиот промет го прават токму во викендите, па недозволиво било во најголемиот ек на летната сезона, чаршијата да зјае празна. Министерот Бектеши попушти, па непосредно пред почетокот на сезоната им дозволи да работат и во недела, под услов да се плаќаат сите надоместоци што законски им припаѓаат на работниците, кои наместо да одмараат, ги услужуваат посетителите.

Од Министерството истакнаа дека додатокот на плата за работа во ден недела и на празници во продавници, киосци и штандови во туристичките места изнесува најмалку 100%, за секој час поминат на работа.

## ЗАНАЕТЧИИТЕ ИЗВИСИЈА

Недела да биде работен ден бараат и занаетчиите, кои кубурат со финансии поради постпандемијата и економската криза. Тие „извисија" со законските измени, зашто не се трговци, но очекуваат дозволата за работа во денот за неделен одмор и на празник да ја добијат со измени на Законот за работни односи, како што им било ветено.

„За нас важи Законот за занаетчиство во кој се наведува дека работното време на занаетчиите го одредува локалната самоуправа врз основа на повеќе критериуми, меѓу кои и традицијата. Ние сега не можеме да работиме во недела во тутристичките места, што не е во ред, зашто некои работат цела зима за тоа да го продаваат преку лето. Во Охрид, на пример, од три дуќани еден до друг, трговецот со бисери сега ќе може да отвори во недела, а другите два кои ги обработуваат бисерите, кои не се трговци, туку занаетчии, ќе бидат затворени. Тоа не е логично. Имаме ветување дека ќе се направат измени и на Законот за работни односи со вметнување на членот од Законот за занаетчиство со кој се регулира работното време", вели Сашо Богоевски, претседател на Занаетчиската комора во Охрид.



## ГОСТИ ВО ОХРИД – АПЕТИТИТЕ ГОЛЕМИ, МОЖНОСТИТЕ ОГРАНИЧЕНИ

По пандемијата со Ковид-19 и кризата што настана како резултат на војната во Украина, бројот на гости на охридското крајбрежје драстично се намали во последните две години. Капацитетите добиваа помош од државата, а финансиски се одржуваа „на нозе" преку субвенции и ваучери за патување во земјата. По подолг период, градот и околните места беа опколени исклучиво со домашни туристи. Странците ги немаше. Годинава на голема врата се најавува нивно враќање. Уште од мај и јуни на плажите во Охрид можат да се забележат гости од Холандија, Белгија, Полска, Турција и секако, Србија. Во јули започнаа и сезонските летови на „Корендон ерлајнс" на релација Амстердам – Охрид. „Корендон" ќе лета од Амстердам за Охрид и назад секој вторник до 25 октомври.

„До пред месец и пол не знаевме како ќе се движат работите, но најверојатно се ослободија малку од војната и соседите и странските туристички оператори, па резервациите почнаа да доаѓаат наеднаш, така што добиваме полн капацитет на резервации", вели Крсте Блажески, претседател на ХОТАМ.

Агенцијата за туризам очекува 400 милиони долари приходи од туризмот во оваа година, што не е занемарлива бројка и покрај сите проблеми во секторот.

„Не се случајни овие успеси и враќање на старите туристички патеки од 2017, 2018, а многу брзо и 2019 година. Се надевам дека до 2025 година заеднички ќе можеме да зборуваме веќе за 700 милиони долари девизен прилив и нешто повеќе од 4 милиони ноќевања во Македонија како туристичка дестинација", вели Љупчо Јаневски, директор на Агенција за поддршка и промоција на туризмот.

# ПЕШТАНИ, ТРПЕЈЦА, ЉУБАНИШТА – ПОРАНЕШНИТЕ ПОЗНАТИ РИБАРСКИ СЕЛЦА СО ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ

Некогаш во центарот на вниманието на туристичката јавност, денес подзаборавени од посетителите. Локациски совршени, со езерото што се распослува пред нив како на тацна и со падините на Галичица во заднина, овие туристички селца се како извадени од некоја разгледница. Климата во летните месеци не се ни споредува со онаа во поголемите градови и Скопје. Жешките денови ги заменуваат постудени ноќи, па кога одите таму неминовно е да си понесете и облека со долги ракави. Потенцијалите се огромни, но се чини крајно неискористени. Освен хотелот Десарет на крајот на Пештани, на овој потег нема ниту еден погабаритен хотелски комплекс што би можел да понуди сместување за поголем број луѓе. Најавите за модерен туристички комплекс во Љубаништа на еден контроверзен индиски бизнисмен пред неколку години пропаднаа во вода, а други проекти не постојат. Пропадна и планот за нов пат на релација Охрид – Св. Наум. Сместувачките капацитети во овие населени места се сведуваат на мини хотели и издавање апартмани и соби. Иако има и такви што се одлучиле сериозно да инвестираат и да ги преадаптираат своите куќи во апартмани за издавање, се чини поголем е бројот на оние што само издаваат дел од собите во своите живеалишта без притоа да ги испочитуваат стандардите за сместување гости (мала квадратура, заедничка употреба на кујна и тоалет со други гости). Еден од ретките што решиле во родното место да се занимава со туризам и угостителство е Марко Танески. Тој огромната семејна куќа во Пештани целосно ја реновирал и ја адаптирал за сместување гости. „Вила Лана“ има капацитет од 6 двокреветни соби, кои по потреба може да се направат трокреветни и една четирикреветна семејна соба. Вкупно може да се сместат од 16 до 20 луѓе.

„Собите се релативно нови. Куќата е целосно реновирана во 2019 година. Во дворот се наоѓа и голема кујна што функционира како мал ресторан за гостите, која може да се користи 24 часа. Собите се добро опремени (има интернет, телевизор, фрижидер, посебен тоалет). Дел од нив имаат поглед на езеро. Располагаат со огромна тераса. Плажата е на 20 метри оддалеченост од овде. Ако сакаат да одат на други плажи, сите најатрактивни плажи и места (Оревче, Градиште, Заливот на коските) се на најголема оддалеченост од два километри. Елешец е на 4 километри оддалеченост, центарот на градот на десетина километри“, вели Марко Танески, сопственик на „Вила Лана“.

Дополнително, туристите овде може да изнајмат кајаци за неколку часа или за цел ден. Танески нуди и организирани тури со туристички водич.

„Едносед чини 15 евра за цел ден, а двосед чини 25 евра за цел ден. Организираната тура е нешто поскапа, но вклучува целосна организација (ручек, вода, овошје, туристички водич на англиски јазик). Ако има 4 и повеќе

Плажа во Пештани



луѓе, цената е 45 евра по лице. Кајаците се извонреден начин да се истражуваат убавините на Охридското Езеро. Се смета дека потегот од Пештани, преку Трпејца е еден од најубавите на крајбрежјето. Има многу мали, диви, скриени, недопрени плажи до кои се стигнува исклучиво по воден пат“, вели тој.

Танески од годинава, стопанисува и со малиот ресторан „Галео“ во Пештани, во непосредна близина на езерото.

„Сопственикот ми е пријател. Тој тоа го работеше триесетина години. Јас сакам да го продолжам неговото дело. Ресторанот е прочуен по добрата храна. Дури има и Холанѓани што доаѓаат секоја година, како и Полјаци. И доаѓаат кај мене секоја година и го посетуваат ресторанот. Не сакаат ништо да менуваат, дури ја сакаат и истата соба каде што престојувале. Веќе се одомаќинети во Пештани. Има некои доаѓаат двапати годишно, еднаш во мај или јуни и уште еднаш во септември“, вели Марко.

Повеќе ентузијасти од земјава, но најмногу од Скопје и од Охрид ги здружија силите во НВО „Explorer“, организација составена од луѓе што промовираат активности во доменот на спортскиот и на авантуристичкиот туризам. Целта е преку вмрежувањето да се промовираат меѓусебно и да им понудат на посетителите цел пакет од услуги: изнајмување кајаци, велосипеди, кампување, планинарење, планински велосипедизам, нуркање, спортско искачување.

Една од релативно поновите спортски активности на вода што земаат замав на Охридското Езеро е сапборд-веслањето. На плажата „Оревче“ од годинава функционира, односно почна со работа клубот „SUP Voyager Club – Ohrid“, кој нуди за изнајмување сап-даски. Тие чинат 5 евра за еден час или, пак, 20 евра за цел ден. Климент Гугоски, кој раководи со клубот, вели дека заинтересираноста е најголема кај помладите и тоа кај странците што го посетуваат Охрид. Сепак, зголемувањето на понудата на сап-даски го пробудила интересот и кај домашните туристи. На оние што решаваат првпат да пробаат вакво нешто, неопходно е претходно



**Изнајмување СУП-даски, голема заинтересираност на младите за нови водни спортови**
*Извор: facebook.klimetgugoski*

да им се покаже како да одржуваат рамнотежа на даската.

„Сите сакаат да пробаат бидејќи е нешто ново. Сепак, мора да се објасни како се користи, за луѓето да се чувствуваат покомфорно и повторно да дојдат. Ако не се направи тоа, при првиот пад, нема да знаат како да станат и ќе помислат дека е којзнае колку тешко, но по два-три обида разбираат дека секој може да весла на овој начин“, велат од клубот.

За да ја промовира оваа спортска активност на вода, клубот решил да организира и натпревар на 20 август 2022 година. Стартот ќе биде од Пештани, а финишот на плажата Оревче.

„Трката ќе трае од 35 до 50 минути веслање. Отприлика толкава е далечината, зависно од брзината и способноста на учесниците. Учесниците треба да се постари од 16 години. Можат да учествуваат со своја даска или, пак, ние да ја обезбедиме“, вели Гугоски.

Пештани и Трпејца отсекогаш важеле за стари рибарски села во кои населението со векови се издржувало исклучиво од рибарство. Во Трпејца владе некој чуден мир и спокој, што го прави идеално место за семеен одмор, односно за секој што сака да избега од градскиот метеж и од лудите забави. Идиличното местенце изобилува сè повеќе со

нови современи градби што се мешаат со старите селски куќи. Спуштајќи се низ ритчето, по многубројните скалила, се отвора поглед кон езерската шир. Плажата е мала, едвај 200 метри, но убава и посипана со бели камчиња, додека водата е бистра и пријатна за бањање. Во Трпејца ќе најдете ресторанчиња што нудат рибна чорба, белвица, пастрмка, ѓомлезе, комат и други специјалитети. Поставени на самиот брег на езерото, угостителските објекти се идеални за уживање во беспрекорната природа која го опкружува селото. Сепак, не е сè така „розово“. И покрај големиот потенцијал, овие угостителски објекти, како и многу други во Охрид и во околината, одвај можат да најдат кадар за работа. Еден од сопствениците што сакаше да остане аномимен, ни вели дека последниве две години селата од околината се испразниле. Речиси сите што имале какво-такво искуство во угостителството, заминале надвор од државата да го вадат лебот.

„Кога го отворивме ресторанот, луѓево се чудеа како сме отворени. Велат – мислевме дека сте во Хрватска. Сè од персонал, од келнер, готвач, до собарка, сè е отидено во Хрватска. Повеќе е платено, нормално. Освен тоа, се забележува уште отсега, без разлика што сезоната само што почна, дека луѓето немаат пари. Сè е поскапено и за нив и за нас. Плати поголеми треба да се дадат, дневници. Персоналот не го интересира дали имало две или сите маси биле полни. Седат овде 8 часа и си бараат пари, нормално. А за нас, поскапа струја, поголеми плати, комуналии, треба да се потсреди нешто. Нема ќар. И сега, сите домашни туристи што за време на пандемијата беа овде, масовно ќе одат во Грција, а странците потешко се враќаат. Лошо ќе биде, сезоната ќе се ограничи на два-три викенда“, вели сопственикот на ресторанчето.



Ѓомлезе - најпознат охридски специјалитет

Дека проблемот со недостигот од кадар е сè поголем проблем, зборува и фактот што Туристичко-угостителската комора алармираше дека во угостителството недостасуваат дури 20 илјади работници. Предупредуваат дека ако не се промени ситуацијата за околу една година, 50%-60% од ресторани и од хотелите ќе се затворат. И не само тоа, туку веќе станува евидентна и потребата од увоз на кадар.

„Ние обезбедивме 5.000 работници од Турција и тие може да дојдат утре, но ако дозволи и овозможи државата. Сите би ги прифатиле македонските плати кои, всушност, се слични со оние во Турција поради кризата и падот на лирата. Нашите келнери, собари и рецепционери масовно заминуваат, главно на јадранското приморје, во Хрватска и во Словенија, но евидентно е и иселувањето во подалечните земји“, рече претседателот на ТУК, Аркан Керим.

Најголемата камп-дестинација на овој потег е селото Љубаништа. Со едвај 150 жители, во селото едвај има продавница од каде што можете да се снабдите со намирници, па оние што летуваат најчесто пазарат во Охрид, па доаѓаат овде. Долгата плажа е рај за туристите. Плажата нуди ситен песок и чиста вода, но сместувањето и чадорот мора да си ги обезбедите сами. Најчесто ја посетуваат домашни туристи. И покрај тоа што бројот на сместувачки капацитети расте од година во година, местото, без разлика на атрактивноста, длабоко заостанува зад крајезерските селца што се поблизу до градот.

## КРИСТОФЕР ОД ВОРТИНГ, АНГЛИЈА

Сепак, токму ова место е фаворитот на Британецот Кристофер Ричардс, 28-годишен фармацевт што го сретнавме како ја истражува околината. Вели бистрата вода, тишината на крајот од јуни и недопрените падини го освоиле „од прва". Овој млад авантурист што патува сам низ повеќе балкански држави е воодушевен од убавината на Охрид и на околните места. Го сретнавме при крај на денот, кога го заврши пловењето со изнајмениот кајак. На прашањето зошто наместо неколку дена останал неколку недели во Македонија, вели:

„Па штотуку ме сретнавте. Каде на друго место некој ќе ме прими со раширени раце, во својот двор, странец за кој не знаете ништо. Изнајмувате кајак, а на крај завршувате во нечија градина. Ми дадовте и ручек, пиво и ме дружевте цела вечер. Кај нас го нема тоа. Никогаш нема да се случи. Бев во Скопје, Битола, сакам да одам и во Маврово, но ќе се вратам овде, бидејќи е многу убаво. Луѓето се поопуштени, има подобра комуникација во заедницата."

Уште од март патува низ балканските земји. Речиси секогаш со јавен транспорт, најчесто автобус. Сепак, вели уште веднаш сфатил дека ниту патиштата, ниту превозот не се најдобри овде. Би сакал да има повеќе патокази, особено кон помалите места. Но, тоа не го спречува да посети колку што е можно повеќе од нашата држава. Вели, во неговото родно место на југот од Англија речиси никој не знае каде се наоѓа Македонија, но кога ќе им покаже каде сè бил, луѓето се воодушевени од убавините на нашата земја.

За крај, му велиме дека денот го завршуваме со капење на зајдисонце. Ни вели дека е облачно и дека има најава за дожд. Само му се насмевнавме. За неполни 5 минути, небото се разведрува и последните сончеви зраци ја пробиваат езерската шир. Навистина, без разлика на временските услови, брегот на Пештани секогаш го облева сонце пред да заврши денот. Токму на овој потег на Охридското Езеро може да се ужива во најубавите летни зајдисонца. И додека сонцето полека се спушта зад планините во Албанија, а небото го облеваат жолти и портокалови нијанси, сфаќаме дека нема човек што не сака да ја доживее оваа глетка. А ако има сè повеќе луѓе што сакаат да видат дел од неприкосновената убавина на езерото, има и надеж дека Охрид ќе го врати стариот туристички сјај.



Зајдисонце над Охридското Езеро



# ДУРБИН

## ЕГИПЕТСКИ МИЛИЈАРДЕР ЌЕ ГРАДИ ЛУКСУЗНИ ХОТЕЛИ ВО СРБИЈА



Милијардерот Насер Абдел Латиф, сопственик на најскапите хотели во Египет, планира да инвестира стотици милиони евра во Србија. Неговите соработници веќе ги бараат најдобрите локации во Шумадија и на југот од Србија на кои би се граделе луксузни хотелски комплекси со приватни вили.

Инаку Абдел Латиф е еден од најголемите египетски инвеститори во туризмот. Поседува четири хотели под светскиот бренд „Риксос“, а



**Египедски милијардер ќе гради луксузни хотели во Србија**
*Извор: ritzcarlton.com*

# ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

неодамна потпиша договори со синџирите на хотели „Риц Карлтон“ и „Мериот“. Сè уште не е официјално објавено која од овие франшизи ќе дојде во Србија, но познато е дека фокусот на групацијата „Латиф груп“ се долгорочни инвестиции и развој на туризмот, претежно резиденцијален, каде што се градат големи ресорти и туристички одморалишта со приватни вили и со разни придружни објекти.

Веста за познатиот египетски милијардер прв ја објави белградскиот муфтија Мустафа Јусуфспахиќ, кој со делегација од Ниш го посети Шарм ел Шеик, каде што потпишаа договор за соработка меѓу двата градови.

„Еден од најголемите, а можеби и најголемиот инвеститор од Египет, Насер Абдел Латиф, покажа дека е многу заинтересиран да инвестира во Србија. Неговата работа е да инвестира, а Србија покажа дека е вредна за инвестиции и дека бизнисот во нашата земјата е многу профитабилен“, порача муфтијата.

Насер Абдел Латиф има хотели во Шарм Ел Шеик, Хургада, Каиро, Александрија и Суец.



**„Латиф груп“ градат големи ресорт-комплекси, туристички одморалишта и приватни вили**
*Извор: ritzcarlton.com*





# СТРУЈАДИН“ – ЕЛЕКТРИЧЕН АВТОМОБИЛ ЌЕ СЕ ПРОИЗВЕДУВА ВО СРБИЈА

Србија ќе стартува со производство на електричен автомобил. Производството на електрични возила ќе започне во „Застава“ кон средината на 2024 година. Возилото ќе биде „наследникот“ на „фијат 500Л“, кој моментално се произведува во фабриката во Крагуевац. Не е потврдено дека ќе биде „фијат панда“, но сигурно е дека ќе биде автомобил на концептот „чентовенто“ на Фијат.

„Започнуваме нова ера во инвестициите во нашата земја и во нашето однесување во иднина. Потпишавме договор за финансирање на електричен автомобил што ќе се произведува во Крагуевац“, изјави неодамна српскиот претседател Александар Вучиќ.

Се работи за компактен модел наменет за градско возење. Дизајнот на „струјадин“ веќе е одобрен и ќе биде премиерно прикажан идната година. Ќе биде достапен во целосно електрична и во хибридна варјанта.

Инаку порано оваа фабрика била мотор на развој на градот Крагуевац, гигант што во еден момент имал повеќе од 30.000 вработени. Еве како ќе изгледа автомобилот наречен „струјадин“.








**„Струјадин“ ќе почне да се произведува во 2024 година**
*Извор: Beta*

# ХРВАТСКА ГИ ПОЛНИ КАПАЦИТЕТИТЕ СО ТУРИСТИ, НО НЕМА ДОВОЛНО РАБОТНИЦИ

Туристите оваа сезона се вратија во Хрватска откако пандемијата речиси го уништи нејзиниот клучен туристички сектор, но земјата на јадранскиот брег има проблем – ѝ недостигаат работници што ќе се грижат за големиот број посетители.

Поради хроничен недостиг од работници во туризмот, Хрватска бара луѓе од соседните балкански земји, па дури и од Азија. Ова е проблем со кој се соочуваат и другите популарни туристички дестинации во Европа како Франција, Шпанија и Грција по укинувањето на ограничувањата поврзани со Ковид-19.

Но, Хрватска, позната по своето идилично крајбрежје со повеќе од илјада острови, се бори со овој проблем со години, а ситуацијата се влоши по пандемијата.

Според официјалните процени, оваа година туристичката индустрија има недостиг од 10.000 работници, а прими повеќе од три милиони посетители во првите шест месеци од оваа година, што е речиси трипати повеќе од минатата година.

Во 2019 година, Хрватска била домаќин на рекордни 21 милион посетители. Но, по влезот на земјата во Европската Унија во 2013 година, повеќе од 150.000 работници ја напуштиле земјата и заминале во Германија, Австрија и во Ирска.

Поради недостиг од работна сила, Хрватска лани ги укина квотите за странски работници и прифати најголем број на работници од соседните балкански земји кои не се членки на ЕУ и од Азија. До јуни во минатата година, земјата издала повеќе од 51.000 работни дозволи за странци, главно во градежниот сектор, но и во угостителството и во туризмот. Оваа бројка е речиси двојно поголема отколку таа во истиот период во 2021 година. Во оваа година се очекува да бидат издадени речиси 100.000 дозволи.



**Хрватска е полна со туристи, но нема доволно работници**
*Извор: DW.com*





Украинските бегалци ќе го пополнуваат недостигот на работна сила во земјите од ЕУ
*Извор: ec.europa.eu*

# УКРАИНСКИТЕ БЕГАЛЦИ МОЖЕ ДА ЈА ЗГОЛЕМАТ РАБОТНАТА СИЛА ВО ЕВРОЗОНАТА ДО 1,3 МИЛИОНИ РАБОТНИЦИ

Бегалците од војната во Украина се очекува да ја зголемат активната работна сила во еврозоната до 1,3 милиони луѓе. Ова го пишува Европската централна банка во економскиот билтен.

Грубите процени укажуваат на пораст од 0,2% до 0,8% на среден рок, се вели во соопштението. Тоа е меѓу 0,3 и 1,3 милиони луѓе.

Експертите посочуваат дека ако бегалците успеат да најдат работа без долг процес на интеграција, тие може да му помогнат на пазарот да одговори на сегашната оптимистичка побарувачка за работна сила и да се справи со зголемениот недостиг од луѓе со квалификации.

Покрај последиците за луѓето од руската инвазија на Украина, војната предизвика и трајна штета за економијата на еврозоната. ЕЦБ очекува таа да порасне за само 2,8% оваа година.

Регионот веќе се соочува со проблемот на брзо стареење на населението, што го намалува уделот на работоспособни луѓе. Недоволниот капацитет на пазарот на трудот е значаен предизвик за компаниите. Дури 27% од бизнисите ги наведуваат вработените како главен фактор што ја ограничува продуктивноста, се вели во една неодамнешна студија на Европската комисија.

Извештајот на ЕЦБ смета дека украинските бегалци ќе можат да се интегрираат на пазарот на труд побрзо од претходните бранови сириски бегалци поради поголемата релативна културна блискост и брзата реакција на Европската Унија. Сепак, Централната банка предупредува дека големата неизвесност околу идниот тек на војната го отежнува прецизното проценување на можните последици.

# СТАНОВИТЕ ВО ЕУ ЕМ СКАПИ ЕМ ПРЕНАСЕЛЕНИ

Во Европската Унија во 2020 година, 17,5% од населението живеело во пренаселени домаќинства. Тоа значи дека немале доволно простор за сите членови на домаќинството во согласност со нивната семејна состојба и нивната возраст, покажуваат податоците на Заводот за статистика на ЕУ, Евростат.

„Недостигот од простор во пренаселените домаќинства беше засилен со тоа што децата си играа во соби каде што родителите се обидуваа да работат од далечина за време на карантинот поради пандемијата со вирусот Корона-19. Исто така, пренаселените средини претставуваат потенцијално поголем ризик од ширење на инфекцијата", се проценува во извештајот на Евростат.

Меѓу земјите членки на ЕУ, речиси половина од населението на Романија или 45,1% живееле во пренаселени домаќинства во 2020 година. Ова беше случај и со Летонија со 42,5%, во Бугарија – 39,5%, Полска – 36,9% и Хрватска со 36,2%.

Од друга страна, најниска стапка на пренаселеност е забележана во Кипар со 2,5%, Ирска – 3,2%, Малта – 4,2% и во Холандија со 4,8%.

Кога станува збор за стапката на преоптоварување со трошоците за домување, во 2020 година таа била највисока во Грција, Бугарија и во Данска.



**Становите во земјите од ЕУ скапи и пренаселени**
*Извор: educations.com*



Гасоводот ТАП, дел од Јужниот коридор, во минатата година транспортираше повеќе од 8,1 милијарда метри квадратни гас од Азербејџан во Европа
*Извор: IntelliNews.com*

# ПРОБНО ПОЧНА ДА ПРИСТИГНУВА АЗЕРБЕЈЏАНСКИ ГАС ПО ИНТЕРКОНЕКТОРОТ МЕЃУ ГРЦИЈА И БУГАРИЈА

Пробното количество на азербејџански природен гас се очекува да биде испорачано до крајот на јуни, а испораката на договорените количества ќе почне редовно од 1 јули.

Азербејџанскиот амбасадор во Бугарија најави дека интерконекторот е заеднички проект и дека се развива на територијата на двете земји. Низ него ќе се добива целиот азербејџански гас, но возможно ќе биде течен гас да се испорачува и од САД, Катар, Египет и од Израел. Капацитетот е три милијарди кубни метри, а количеството може да ги задоволи речиси целосно потребите на Бугарија и притоа може и дополнително да се зголеми.

# ФОРБС: ШТО МИСЛАТ БОГАТИТЕ ЗА РЕЦЕСИЈАТА?

Илон Маск, Бил Гејтс, Џејми Димон, Кен Грифин предвидуваат рецесија на американската економија пред крајот на следната година. По бранот аларми што го кренаа финансиските институции и извршните директори, Централната банка на ФЕД почна да се бори против високата инфлација со нагло зголемување на клучните каматни стапки.

Еве ги нивните изјави:

**Илон Маск:** Рецесијата е „неизбежна во одреден момент“ и веројатноста тоа да се случи во догледна иднина е поголема отколку да не се случи.

**Бил Гејтс:** Кооснովачот на Мајкрософт сподели слично мислење во интервјуто со Фарид Закари во минатиот месец, кога рече дека се согласува со оцената дека светот се движи кон економско забавување во „блиска иднина“ поради пандемијата и руската инвазија на Украина.

**Карл Ичан:** Милијардерот-инвеститор, исто така, предупреди на рецесија „или на нешто уште полошо“, во интервју за Си-ен-би-си во март обвинувајќи ја високата инфлација. Тој изрази сомнеж дека ФЕД ќе може да „инженира меко приземјување“ односно дека економијата ќе може да стигне од бавен до рамномерен раст за да се избегне рецесија.

**Џејми Димон:** Извршниот директор на ЈП Морган предупреди на економски „ураган“ поттикнат од конфликтот во Украина и од високата инфлација, изјавувајќи дека неговата банка се подготвува за „лоши исходи“.

**Кен Грифин:** Основачот и извршен директор на Цитадела во мај рече дека ако стапката на инфлација остане околу 8,5% како што е сега, ФЕД ќе мора „прилично да ги притисне сопирачките“ со туркање на економијата во рецесија.

**Гери Фридман:** Извршниот директор за малопродажба на мебел во Хрватска, се потпира на филмот „The Big Short“ и рече дека американската економија се соочува со еден од најтешките периоди од Големата рецесија во 2008 година. Тој го истакна ова во кварталниот извештај за заработката на неговата компанија.




**Централната банка на ФЕД нагло ги зголеми клучните каматни стапки**
*Извор: nurserymag.com*

# ТУРЦИЈА И ЕГИПЕТ – ТОП ДЕСТИНАЦИИ ЗА ОДМОР НА МАКЕДОНСКИТЕ ТУРИСТИ



## МАКЕДОНСКИТЕ ТУРИСТИ НАВАЛИЈА НА ПЛАЖИТЕ ВО ТУРЦИЈА И ВО ЕГИПЕТ

Да ги почувствувате мистиката на Ориентот и прекрасната турска ривиера или да ја посетите земјата со многу митолошки приказни и прекрасното Црвено Море – Турција и Египет се дестинациите од соништата на многу патниците од целиот свет.

Во ек на туристичката сезона, Турција и Египет и за македонските туристи се најатрактивни дестинации за одмор. „Кога мислам на одмор, мислам на Турција или на Египет", се најчестите коментари на граѓаните што сакаат да се релаксираат, да заминат на заслужен одмор, по ограничувањата што претходно беа им наметнати од пандемијата со Ковид-19.

Причината зошто се овие дестинации најбарани места за одмор, лежи во понудата на ол-инклузив (анг.: all inclusive). Тоа значи дека во цената што ја плаќаат нашите граѓани имаат сè во едно – директен лет од аеродром, организирано патување до крајната дестинација, хотел, јадење, пијалаци, секојдневна забава и за возрасни и за мали деца. Токму затоа граѓаните велат дека ова е одмор во вистинска смисла на зборот, кој им одговара на различни категории семејства – и на оние со деца и на млади парови и на пензионери. Ако ги погледнеме интензивните понуди на туристичките агенции, ќе видиме богата листа на понуди за патувања во Турција и во Египет.

За тоа каков е навистина интересот на македонските туристи за патување во овие дестинации, што најмногу бараат, што им пречи, каков е изборот на хотели, што најмногу сакаат да видат, разговаравме со Благица Бутикоска, од туристичката агенција „Аурора турс".

Бутикоска ни откри дека своите студии ги завршила токму на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, а сега својата кариера




**Благица Бутикоска**
Туристичка агенција Аурора турс



успешно ја реализира во една од најстарите, најпознати и најуспешни агенции во Македонија, „Аурора турс“.

**„Дестинациите како што се Турција и Египет се посебно популарни изминатите години поради услугата што ја нудат. Прекрасни ол-инклузив ресорти што излегуваат директно на преубави песочни плажи, богата понуда на ресторани, храна, пијалаци, забава. Секако, најголем фактор што придонесува за популарноста на овие дестинации се директните чартер-линии од Скопје до самата дестинација“,** ни одговара Бутикоска.

Ако се јавите во моментот во некоја од туристичките агенции, најверојатно ќе ви одговорат дека понудите за Турција и за Египет се пополнуваат многу брзо. Причината, според Бутикоска, е тоа што ова е прво лето по короната кога граѓаните почувствуваа дека сè е вратено во нормала. Многу од граѓаните своите планови за одмор ги одложија поради стравот од вирусот во изминатите две години. Причина плус за зголемениот интерес е и укинувањето на ПЦР-тестовите за влез во овие земји, кои претходно беа задолжителни, како и во голем дел европски земји и туристички места.

**„Ова е прво лето што по короната може да се каже дека речиси сè е вратено во нормала. Голем дел од државите ги укинаа сите рестрикции за влез. Таму каде што претходно се бараше вакцина или тест, сега слободно може да се патува. Ова лето има и многу голем број патници што сакаат да ги реализираат своите летни одмори, а кои не можеле да го направат тоа во изминатите две години. Има голема понуда на чартер-летови за Турција, Египет, кои многу брзо се пополнуваат. Така е и со нашата нова дестинација по подолго време со директен чартер-лет од Скопје, која е посебно интересна и популарна. Станува збор за Тунис, каде што патниците можат да уживаат на раскошните бели песочни плажи и да ја истражуваат Сахара“,** изјави Бутикоска.

Но, покрај желбата за патување, граѓаните годинава треба повеќе да го одврзат ќесето поради повисоките цени на туристичките аранжмани. Главно причините се драстичното поскапување на горивото, а голем удел има и огромниот пад на приходите од туризмот во претходните две години предизвикани од пандемијата. Сепак, граѓаните имаат повеќе опции за заштеда, а една од нив е раното резервирање, односно плаќање на дел од аранжманот во јануари или во февруари. Ако

донесете порано одлука каде точно сакате да патувате и во кој дел од годината, тогаш ќе платите помалку.

**„Секоја сезона е приказна за себе, цените варираат, имаме понуди со попусти за рана резервација за кои продажбата започнува веќе од јануари или февруари. Голем дел од патниците си ги уплаќаат своите одмори порано поради поголемите попусти, но секако по короната многу работи се променија, не само во туризмот туку во сите сектори. Поскапувања има, голем удел во тоа имаат и глобалните цени, но сепак се трудиме колку што е можно да овозможиме тоа да не влијае толку на нашите аранжмани“,** објаснува Бутикоска.

Не е тешко да се погоди кои се најатрактивните дестинации во Турција. Прв избор се Анталија и Бодрум, а расположение за патување секогаш има и за Истанбул. Желбите на туристите се различни, од ресорт што излегува директно на плажа, до хотел во центарот на градот.

**„Најатрактивните дестинации во Турција се Анталија и Бодрум кога зборуваме за летен одмор. Секако, доста е популарен и Истанбул, градот што никогаш не спие, за каде што правиме групни патувања. Нашите туристи најчесто бараат хотел што е на прва линија на плажа, со ол-инклузив услуга во хотели со 4 и со 5 ѕвездички. Има различни барања. На пример, некој од патниците сака хотел во центарот на градот, некој сака поголем ресорт што не е баш во центарот на градот. Во нашата богата понуда имаме хотели што ги исполнуваат сите барања од нашите патници“,** вели Бутикоска.

Голем дел од туристите бараат и дополнителни активности. Секогаш има интерес без разлика дали станува збор за посета за пирамидите во Египет, посета на Каиро, јавање со камили, крстарење со брод, летање со балони и посета на познати туристички атракции, како на пример Памук Кале во Турција.

**„Освен понудите за ол-инклузив, на самите дестинации има многу активности што им се нудат на туристите. Има различни факултативни излети што се многу**

**Анталија, Турција**
*Извор: beachsearcher.com*



**популарни, на пример, пирамидите во Египет, посета на Каиро, сафари со јавање камили, прекрасни крстарења и набљудување на коралните гребени на Црвеното Море, посета на пустината Сахара во Тунис и така натаму“,** изјави Бутикоска.

За изборот на Египет како место за одмор, дел од граѓаните може да се и малку сомничави со оглед на препораките во минатото да не се патува таму поради политичката состојба. Но, сега, годините на социјални и на политички немири се поминати.

**„Египет е многу популарна дестинација, која патниците ја обожаваат. Многу години наназад имаме директна чартер-линија од Скопје до Хургада. Политичките кризи не влијаат многу врз одлуката за патување во Египет. Дури и во 2020 година, кога беше најголемиот ек на пандемијата, ние успеавме да реализираме голем број патувања во Египет“,** изјави Бутикоска.

Со Бутикоска разговаравме за патувањата сега и за време на пандемијата, за тоа дали очекуваат овој сектор да се врати во нормала откако ковидот ги „клекна на колена“ туристичките агенции, а на некои им се закануваше и со клуч на врата. Од „Аурора турс“, се оптимисти и велат дека се приспособуваат на промените, се фокусираат на иднината со богати понуди, со реализирани патувања и со задоволни патници.

**„И покрај зголемените цени, има доста голем интерес за патувања, очекуваме сезона која веќе е добра. Секако дека е поразлично од пред пандемијата, но се обидуваме да се приспособиме на сите промени. Луѓето сакаат да патуваат, патуваа и во време на пандемијата колку што беше можно, бидејќи тоа претставува храна за духот. Нашиот сектор беше еден од најпогодените. Но да го оставиме тоа зад нас и да се фокусираме на иднината. Моментално се враќаме во нормала со богата понуда, многу реализирани патувања, многу задоволни патници. Се надеваме дека оваа и следните сезони ќе бидат и подобри од годините пред пандемијата“,** вели Бутикоска.



**Хотел Кемпински Сома Беј, Египет**
*Извор: momondo.com*

## ИНТЕРЕСНИ ПОДАТОЦИ ЗА ТУРИЗМОТ ВО ТУРЦИЈА

По рекордната 2019 година и колапсот за време на пандемијата, во минатата година започна масовно закрепнување на Турција, каде што улогата на туризмот останува многу важна. Туризмот е еден од главните столбови на турската економија и моќен стимулатор на економската динамика од 1980-тите. Во 2019 година, Турција собори рекорд на сите времиња со 51,86 милиони регистрирани туристи, што е зголемување од 12,2% во споредба со 2018 година. Во 2020 година, бројот на туристи се намали на 15,97 милиони.

### Улогата на туризмот – 3% од БДП

Во 2021 година туризмот силно закрепна по падот поради пандемијата. Во текот на целата година, Турција ја посетиле 30,04 милиони туристи, што е зголемување за 85,5%. Повеќето туристи ја посетиле Турција за рекреативни, спортски и културни цели.

Годишниот приход од туризмот се зголемил за 103% во 2021 година и достигнал 24,48 милијарди американски долари. Ова претставува околу 3,04% од бруто домашниот производ на Турција (802,67 милијарди долари).

Во 2020 година, Турција беше рангирана на 5. место во однос на меѓународните туристички пристигнувања и на 11. место според приходите од туризмот.

### Здравствениот туризам – значаен пазар

Турција е атрактивна дестинација и за многу Европејци што бараат поевтини аранжмани. Во минатата година турскиот здравствен туризам беше многу успешен. Во 2021 година, 642.444 луѓе патувале во Турција за медицинска нега или лекување, нешто помалку отколку во 2019 година (662.087). Во 2020 година, бројот на здравствени туристи се намали на 388.150 поради пандемијата.

Во 2021 година, приходите од здравствениот туризам изнесувале речиси 1,05 милијарди американски долари. Ова претставува 4,29% од приходите од турскиот туризам.



**Памук Кале, Турција**
*Извор: mystambul.com*

## Закрепнување и на Истанбул

Во февруари, бројот на туристи што дошле да ја истражуваат турската престолнина се зголемил за 173% во споредба со февруари 2021 година. Имало вкупно 956.482 посетители. Најголем број посетители во тој месец имало од Русија – 80.628 луѓе. По Русија следувале Германија со 74.056 лица, Иран со 68.940, Франција со 43.560, Кувајт со 39.000, Англија со 38.169, Израел со 30.614, Ирак со 26.985 и Украина со 26.000.

## Топ туристички атракции во Турција

1. Анталија
2. Кападокија
3. Памуккале
4. Света Софија
5. Топкапи Сарај
6. Анкара
7. Ефес
9. Коња
10. Планината Немрут
11. Бодрум
12. Сината џамија

## Топ туристи во 2021 година во Турција

Русија – 4,69 милиони посетители (15,61% од вкупниот број)
Германија – 3,09 милиони (10,29% од вкупниот број)
Украина – 2,06 милиони посетители (6,86% од вкупниот број)
Бугарија – 1,4 милиони посетители (4,66 од вкупниот број)
Иран – 1,15 милиони посетители (3,83% од вкупниот број)





**Истанбул, Турција**
*Извор: archives.saltresearch.org*

# ИНТЕРЕСНИ ПОДАТОЦИ ЗА ТУРИЗМОТ ВО ЕГИПЕТ

Туризмот е еден од водечките и клучни извор на приход во Египет. Во 2010 година во овој сектор биле вработени околу 12% од работната сила, кои опслужиле приближно 14,7 милиони посетители во Египет, при што реализираниот приход изнесувал речиси 12,5 милијарди американски долари.

За време на египетската револуција од 2011 година, бројот на посетители се намалил за над 37% таа година, паѓајќи од 14 милиони во 2010 година на 9 милиони до крајот на 2011 година.

Во првата половина од 2014 година, бројот на туристи дополнително се намалил за 25% во споредба со истиот период од 2013 година, додека приходите се намалиле за 25%.

Во 2013 година, Египет беше рангирана на 85. место како најдобра земја во светот за туризам и патување, паѓајќи за десет места од рангирањето на 75. место во 2011 година. На рангирањето за 2019 година, Египет се наоѓа на 65. место.

Во 2017 година, Блумберг го смести Египет на листата на топ 20 дестинации за патување во 2017 година. Светска туристичка организација на Обединетите нации (UNWTO) наведува дека Египет е една од брзорастечките туристички дестинации во светот, каде што бројот на туристи во 2017 година се искачил на 8 милиони, додека во изминатата тој број што изнесувал околу 5,26 милиони.

Во 2020 година приходите од туризмот на Египет се намалиле за околу 70%. Кризата меѓу Русија и Украина фрли сенка на туристичкиот сектор во Египет, кој во голема мера се потпира на посетителите од двете нации. Во февруари е забележано и намалување за 30% на туристичките резервации од Русите и од Украинците.





**Абу Симбел, Египет**
*Извор: pinterest.com*



## Десет главни туристички атракции во Египет

1. Големите пирамиди во Гиза
2. Храмот Карнак во Луксор и Долината на кралевите
3. Реката Нил, срцето на Египет
4. Асуан
5. Абу Симбел, комплекс на антички храмови
6. Каиро
7. Јужен Синај, познати египетски туристички атракции
8. Сакара, прекрасно египетско село
9. Египетски музеј, најстар археолошки музеј
10. Национален парк – Бела пустина

## Топ туристи во Египет во 2019 година (пред пандемијата со Ковид)

Германија – 2,5 милиони
Украина – 1,5 милиони
Саудиска Арабија – 1,4 милиони
Либија – 0,75 милиони

**Пирамидите во Гиза, Египет**
*Извор: travelclubelite.com*



# Н.Е. НЕВЕНА ЈОВАНОВИЌ

Амбасадорка на Република Србија

## ЈОВАНОВИЌ: СРБИЈА ГРАДИ ДОБРИ ОДНОСИ СО ВАШАТА БРАТСКА И ПРИЈАТЕЛСКА ЗЕМЈА



**Во вакви околности, кога Европа, но и целиот свет се соочуваат со многубројни предизвици, иницијативата „Отворен Балкан“ дополнително добива на значење, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, амбасадорката на Република Србија, Н.Е. Невена Јовановиќ. Според Јовановиќ, оваа иницијатива, чија примарна заложба е економска соработка помеѓу Србија, Македонија и Албанија, не претставува замена за процесот на евроинтеграции, но во контекст на актуелните предизвици, смета амбасадорката, нејзините придобивки стануваат повеќекратни. Јовановиќ нагласува и дека по затворањето на спорот помеѓу МПЦ-ОА и СПЦ, Македонија и Србија повеќе немаат т.н. отворени билатерални прашања.**



**Н.Е. Невена Јовановиќ,**
амбасадорката на Република Србија



**Амбасадорке Јовановиќ, ова интервју ќе го почнеме со најсвежите случувања, а тоа е одлуката на Српската православна црква да даде зелено светло за признавање на автокефалноста на МПЦ-ОА. Оваа вест, која лично среде Скопје ја соопшти српскиот патријарх Порфириј, беше прифатена со голема радост и воодушевување од македонските верници. Со ова, практично, се затвора едно деценииско прашање. Дали ќе нè зближи уште повеќе помирувањето помеѓу нашите две цркви како два пријателски народи?**

Одлуката на Српската православна црква да ја признае автокефалноста на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, која беше соопштена од страна на Неговата светост, српскиот патријарх, господинот Порфириј за време на заедничкото служување на светата литургија во Соборниот храм во Скопје на големиот празник Св. Кирил и Методиј, го означи крајот на повеќедецениските раскол што постоеше помеѓу двете цркви. Оваа одлука, покрај тоа што предизвика голема радост во срцата на верниците, уверена сум дека ќе придонесе за дополнително зближување помеѓу нашите два братски и пријателски народа. Нашите народи се поврзани со нераскинливи културно-историски врски, а Република Србија и Република Северна Македонија во овој момент веќе немаат т.н. отворени прашања во нивните билатерални односи.

**Помина речиси една година откако беше формирана иницијативата „Отворен Балкан“, која предвидува една регионална соработка, пред сè во економијата. Иницијативата е силно поздравена од бизнис-заедницата во трите земји. Кои се придобивките од оваа иницијатива и како да се зајакне уште повеќе во иднина економската соработка?**

Иницијативата „Отворен Балкан“ го носи ова име од минатата година, но дозволете ми да

потсетам дека нејзините корени се од поодамна, кога пред неколку години ја виде светлината на денот под друго име, како заедничка идеја на претседателот на Република Србија, Александар Вучиќ, премиерот на Албанија, Еди Рама и на тогашниот премиер на Северна Македонија, Зоран Заев. Оваа иницијатива е историска по својата природа бидејќи претставува идеја до која стигнале самите балкански народи со цел дополнително зближување, пред сè на нашите економии и пазари, а потоа и на нашите севкупни односи. Иницијативата веќе ги покажува првите позитивни резултати, кои се надевам дека ќе станат уште повеќе видливи преку подобрување на квалитетот на животот на сите наши граѓани. Актуелните предизвици со кои моментално се соочува Европа и целиот свет ни покажуваат дека кога ќе дојдат такви времиња, земјите од нашиот регион може и мора да се потпираат едни на други.

**Голем број српски туристи традиционално секоја година летуваат на охридското крајбрежје. Од друга страна, пак, нашите туристи сè почесто одат на зимување во скијачките центри во Србија. Што треба да направат според Вас македонските власти за да привлечат што поголем број туристи од Србија?**

Навистина сме горди на фактот дека секоја година голем број туристи од Северна Македонија ја посетуваат Србија и дека тој број од година во година расте. Ме радува кога ќе слушнам дека мои колеги и пријатели од Северна Македонија, како дестинација за одмор и релаксација одбираат места од богатата туристичка понуда на Србија како што се Златибор, Копаоник, нашите прекрасни бањи, езера, винарии, но пред сè за туристите атрактивниот Белград. Не помалку атрактивни се туристичките атракции што ги нуди Северна Македонија како прекрасниот Охрид, Битола, кањонот Матка или скијање во некое од зимските одморалишта како Попова Шапка, кои српските туристи често ги посетуваат. Иницијативата „Отворен Балкан“, освен што носи унапредување на нашите економски врски, посебно внимание ѝ посветува на соработката во сферата на туризмот. Така, на неодамнешниот самит „Отворен Балкан“ што се одржа во Охрид, беше потпишан

**Н.Е. Невена Јовановиќ,**
амбасадорката на Република Србија



Меморандум за соработка во областа на туризмот помеѓу нашите три држави, кој со сигурност ќе влијае врз зголемување на туристичката размена.

**Во време на најголемата криза со Ковид-19, Република Србија беше првата земја што безусловно ѝ понуди на Македонија вакцини против Ковид-19, кои беа наменети за имунизација и заштита на здравствените работници од првите „борбени линии" во Ковид-центрите. Велат, пријателот во невола се познава, па судејќи според ова, Србија навистина се покажа како најголем пријател на нашата земја.**

Република Србија им посветува големо внимание на развојот и на негувањето пријателските односи со Северна Македонија. Како што неодамна кажа претседателот на Србија, Александар Вучиќ, Србија ништо не бара од Северна Македонија и единствено нешто што Србија сака е брзо да изгради добри односи со оваа братска и пријателска земја. Се надеваме дека секогаш заедно ќе чекориме кон подобра иднина за сите наши граѓани.

**Како две земји-претенденти за членство во ЕУ, нашите влади негуваат цврсти билатерални односи, со одлика на континуирано традиционално пријателство без отворени прашања. Колку се поддржуваат Македонија и Србија меѓусебно во тој евроинтергативен процес?**

Република Србија силно го поддржува процесот на евроинтеграции на целиот Западен Балкан. Како што е повеќепати нагласено во изјавите на нашите највисоки државни функционери, Србија на тој пат ги поддржува и нашите пријатели од Северна Македонија. За жал, последните резултати од Самитот ЕУ – Западен Балкан не беа позитивни за напредокот на нашите земји на тој пат и покрај нашата посветеност и подготвеност да го направиме тој чекор. Во вакви околности, иницијативата „Отворен Балкан" дополнително добива на значење. Ќе нагласам дека оваа иницијатива не претставува замена за процесот на ЕУ-интергации, но во контекст на актуелните предизвици, придобивките од неа стануваат повеќекратни.

**Амбасадорке Јовановиќ, откако дојдовте во Скопје, дали научивте нешто ново за нашата земја, за обичаите, културата и за традицијата? Дали се приспособивте лесно на секојдневните навики тука, со оглед на тоа дека не се многу поразлични од тие на граѓаните од Србија?**

Од првиот ден на мојот престој во Северна Македонија се чувствувам дека сум помеѓу пријатели. На секој чекор сретнувам љубезни луѓе и секој ден учам по нешто ново за оваа прекрасна земја и за нејзините граѓани. Уживам во вашата кујна, во вашата музика, природните убавини, а се трудам и да зборувам на македонски јазик.

**Што Ви оставило најголем впечаток во Македонија, која храна најмногу Ви се допаѓа и како го минувате слободното време, секако согласно со обврските што ги имате во Амбасадата?**

Голема е честа, но и одговорноста да се биде амбасадор и да се претставува сопствената држава во друга земја. Таа важна должноста што му е доверена на амбасадорот, тој ја извршува 24 часа во денот. За амбасадорот не постои работно време. Мојот престој во оваа прекрасна земја во потполност е подреден на негување и на подобрување на билатералните односи меѓу нашите две земји. Но, наша обврска, заедно со тимот од Амбасадата на Република Србија во Скопје, е да им обезбедиме услуга на нашите државјани што живеат и работат во Северна Македонија. Тоа што сум претставник на Србија во една, за нас блиска и соседна земја како што е Северна Македонија, за мене претставува огромно задоволство. Сигурна сум дека деновите поминати тука засекогаш ќе имаат посебно место во моите сеќавања.

# КОМПАРАЦИЈА



## ВО ЕВРОПА ИЗОБИЛСТВО ОД ЈАВЕН ПРЕВОЗ, СКОПЈАНИ ОСУДЕНИ САМО НА АВТОБУСИ

Европските метрополи се менуваат со брза трансформација на јавниот превоз. Додека во нашата земја односно во главниот град за јавен превоз се достапни само приватните автобуси и тие на Јавното сообраќајно претпријатие, тоа не е случај со развиените европски метрополи, кои низ текот на годините реализирале огромни инвестиции со цел поголем избор на транспорт за своите граѓани.

Јавниот превоз е систем на превоз на патници, вообичаено управуван со распоред и со утврдени маршути, за што превозникот наплаќа објавена такса за секое патување. Примерите за јавен превоз вклучуваат градски автобуси, тролејбуси, трамваи (или лесна железница), патнички возови, брз транзит (метро) и траекти.

Повеќето системи за јавен превоз се движат по фиксни рути со поставени точки за качување односно симнување по однапред договорен возен ред.

Урбаниот јавен превоз јасно се разликува меѓу Европа, Азија и Северна Америка.

Од географски, историски и економски причини, меѓународно постојат разлики во однос на користењето и на обемот на јавниот транспорт. Во последниве години, во некои градови е забележан пад во користењето на јавниот превоз. Големите градови како Торонто, Париз, Чикаго и Лондон го забележаа овој пад, па се обидоа да интервенираат со намалување на цените и со охрабрување граѓаните да користат нови начини на транспорт, како што се е-скутери и е-велосипеди. Поради намалените емисии и другите влијанија врз животната средина од користењето на јавниот превоз во однос на приватниот превоз, многу експерти укажаа на зголемената инвестиција во јавниот транспорт како важна тактика за ублажување на климатските промени.

Во оваа анализа ќе направиме компарација на јавниот превов во неколку европски метрополи и во Скопје, што имаат тие, а што му недостига на нашиот главен град.

# КАКОВ Е ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО ЕВРОПСКИТЕ МЕТРОПОЛИ, КАКОВ Е ВО СКОПЈЕ?

## ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО ЛОНДОН

Главниот град на Велика Британија е еден од најпознатите градови во светот. Не е изненадување што градот има значајна јавна транспортна мрежа, која вклучува различни транспортни средства за да им помогне на локалното население и на посетителите да се движат низ градот.

Лондон има широка и развиена транспортна мрежа што вклучува и приватни и јавни услуги.  Една од најдобрите работи при патувањето во Лондон е тоа што можете ја да користите не само картичката за патување туку и која било друга дебитна или кредитна картичка со бесконтактна технологија. Притоа, системот автоматски ги пресметува најниските цени за вас.

Услугите за јавниот превоз се доминирани од извршната агенција за транспорт во Лондон, која го контролира поголемиот дел од јавниот транспорт вклучувајќи ги метрото, автобусите, трамлинкот и лесната железница.

**Тип на превоз: брз транзит, приградска железница, лесно метро, лесна железница, автобуси.**



**Метро во Лондон**
*Извор: fizikhaber.com*




**Метро во Мадрид**
*Извор: telegra.ph*

## ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО МАДРИД

Мадрид го опслужува високо развиена транспортна инфраструктура. Патните, железничките и воздушните врски се од витално значење за одржување на економската позиција на Мадрид како центар за бизнис, претпријатија, трговија и туризам, обезбедувајќи ефективни врски не само со другите делови од регионот, туку и со остатокот од Шпанија и од Европа како целина. Три четвртини од милион луѓе што патуваат во градот до работа, како и другите локални патници имаат на располагање градска патна мрежа со голем капацитет и систем за јавен транспорт базиран на метро, локални железници и густа мрежа од автобуски линии.

**„S-Bahn" во Берлин**
*Извор: commons.wikimedia.org*




## ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО БЕРЛИН

Берлин има развиено многу сложена транспортна инфраструктура што обезбедува многу различни начини на мобилност. Низ градот поминуваа 5.334 километри пат, од кои 73 километри се автопатишта.

Транзитните мрежи на градот вклучуваат урбани железнички линии (U-Bahn и S-Bahn), регионални железнички услуги, трамвај, автобуска мрежа и голем број фериботски услуги.

Подземната железница (U-Bahn) е урбан брз транзитен железнички систем што функционира во границите на градот. Најголемиот дел од системот е под земја, но на некои делови, возовите возат на издигнати патеки или на нивото на улиците. Во однос на должината, берлинската подземна железница е најголемо подземно метро во Германија и петто по големина во Европа.

Мадридското метро е едно од најобемните и најбрзорастечките метро-мрежи во светот. По лондонското, метрото во Мадрид е втор најдолг метро-систем во Западна Европа. Неговиот брз раст во последните 20 години го позиционираше меѓу најбрзорастечките мрежи во светот, на исто ниво со метрото во Шангај и со подземната железница во Пекинг. Метро-мрежата се состои од 302 станици.

Автобусите во Мадрид се единствениот јавен транспортен систем достапен деноноќно со оглед на тоа дека метро-мрежата се затвора помеѓу 2.00 и 6.00 часот наутро. Отежнатиот сообраќај во Мадрид понекогаш може прилично да ги успори градските автобуси, но градот има повеќе од 90 километри специјални автобуски и такси-линии за да помогне во решавањето на овој проблем.

**Тип на транспорт: автобуси, метро, локална железница.**

Брзата железница (S – Bahn), пак, сообраќа по пруги што се одвоени, но честопати паралелни со другите возови. Поголемиот дел од системот е управуван на ниво на земја, но има значителни делови од издигнати патеки и тунели. Во однос на должината на системот берлинскиот брза железница е меѓу првите 10 најголеми системи од овој тип во светот.

Берлин има мрежа од 149 дневни автобуски линии, кои опслужуваат 2.643 автобуски постојки, со вкупна должина на рута од 1.675 километри.

Просечното време што луѓето го поминуваат патувајќи со јавен превоз во Берлин, на пример од и до работа, во работен ден е 62 минути.

**Тип на транспорт: U-Bahn, S-Bahn, трамваи, автобуси, фериботи.**



**Трамвај во Париз**
*Извор: paris.fr*

## ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО ПАРИЗ

Париз е центар на национален, меѓународен и комплексен транспортен систем. Овој современ систем е составен од сложена мапа на улици и широки булевари. Најфреквентниот јавен превоз во Париз е метрото со над 15 линии што се протегаат далеку во предградијата. Ова е надополнето надземен транспорт со доста сложена мапа од 347 автобуски линии. Париз е исто така центар на Регионалната експресна мрежа (Reseau Express Regional – RER), железничка мрежа со голема брзина над и под земја, која го поврзува главниот град со подалечните приградски региони.

Сите париски трамваи престанаа да сообраќаат до 1937 година, но овој начин на транспорт се врати во 1992 година.

Париските автобуски линии ги поврзуваат сите точки на главниот град и неговите најблиски приградски градови.

Просечното време што луѓето го поминуваат патувајќи со јавен превоз во Париз во работен ден, на пример до и од работа, е 64 минути. Петнаесет проценти од луѓето што користат јавен превоз се возат повеќе од 2 часа секој ден.

**Тип на превоз: метро, RER, транзилен, трамвај, автобус.**




**Трамвај во Хелсинки**
*Извор: commons.wikimedia.org*



## ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО ХЕЛСИНКИ

Јавниот превоз во Хелсинки се состои од автобуси, трамвај, метро, локална железница и траект. Педесет проценти од патувањата во границите на градот се изведуваат со јавен превоз, а 28% со приватен автомобил. Само 48% од домаќинствата во градот имаат сопствен автомобил.

Метрото во Хелсинки, отворено во 1982 година, моментално ги опслужува источните предградија на градот, како и некои области блиску до центарот.

Локалните возови сообраќаат по одделни, посебни пруги на три железнички линии што зрачат од централната железничката станица Хелсинки.

Внатрешните автобуски линии на Хелсинки може да се најдат речиси насекаде во градот. За некои делови од градот, дури и со висока густина, овие автобуси го обезбедуваат столбот на системот за јавен превоз.

Трамвајската мрежа на Хелсинки се работи континуирано со електричен погон од 1900 година и таа е главно од традиционален тип.

Мрежата ги покрива густо населените централни области и некои од соседните области. Составена е од 10 линии, од кои сите освен една поминуваат низ некој дел од центарот на градот. Секоја година се прават преку 50 милиони патувања со трамваи.

**Тип на транспорт: автобус, метро, трамвај, фери.**




**Јавен превоз во Скопје**

## ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО СКОПЈЕ

Скопје по се изгледа е еден од ретките главни градови во кој има ограничена и многу сиромашна понуда на јавен превоз. Граѓаните може да ги користат автобусите на јавното сообраќајно претпријатие или автобусите на приватните превозници.

Идејата за трамвај во Скопје е стара четири децении. Со поголемото загадување на воздухот и сообраќајниот метеж, хроничниот недостиг од паркинг места, експертите со години апелираат да се имплементира јавен превоз што ќе развие поголеми брзини, ќе понуди зачестеност на услугата и возила со




**Тролејбус во Белград**
*Извор: commons.wikimedia.org*

## ЈАВНИОТ ТРАНСПОРТ ВО БЕЛГРАД

Од градовите во регионот ќе направиме компарација на Белград. Во овој град  има обемен јавен транспортен систем, кој се состои од автобуси, трамваи, тролејбуси и возови управувани од градска  сопственост и неколку приватни компании.

**Трамвај и тролејбуси**

Првата трамвајска линија беше воведена во 1892 година. Сегашниот обем на мрежната патека е непроменет од 1988 година, иако со одредено пренасочување на трамвајските линии. Има 11 редовни трамвајски и 7 редовни тролејбуски линии.

Белград е еден од ретките европски престолнини и градови со население од над милион жители што немаат метро или друг систем за брз транзит. Но, белградското метро почна да се гради во ноември во 2021 година, а првата линија треба да се отвори во 2028 година. Се смета дека е трет најважен проект во земјата, по работите на патишта и на железниците.

Тип на транспорт: автобус, трамвај, тролејбус и метро во изградба.



поголем капацитет за превоз на патници. Но, досега ниту една политичка гарнитура не успеа да ја реализира идејата за трамвај иако поради огромниот прилив на население во метрополата, автобускиот превоз сам по себе не е доволен.

Досега имаше  иницијативи за изградба на трамвај, но сето тоа беше сведено на изработка на физибилити студии, идејни и делумни изготвени  проекти. Идеите за типот на трамвај се различни, според некои експерти наместо класичен трамвај, во Скопје би требало да се изгради брз трамвај (ЛРТ) или брз автобуски систем (БРТ).

Последната иницијатива за воведување брз автобуски превоз беше во мандатот на претходниот градоначалник на Скопје, Петре Шилегов. Тој го најави  воведување на „бас рапид транзит“, односно трамвај на тркала.

Но, засега, со доаѓањето на новата градоначалничка на Скопје, Данела Арсовска, проектот е  стопиран, но не и отфрлен, а можно е и организирање на референдум за ова прашање.

Трамвајот, според познавачите, на долг рок може да ги реши постојаните проблеми во сообраќајот на главниот град, да го намали сообраќајниот метеж, да ги поттикне граѓаните да користат јавен превоз наместо автомобил и да го намали аерозагадувањето.

# ВО КОИ ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ ИМА БЕСПЛАТЕН ЈАВЕН ПРЕВОЗ?

**Луксембург Сити, Луксембург**

Оваа листа мора да ја отвориме со Луксембург. Луксембург е пионер во бесплатната мобилност: таа беше првата земја во светот што воспостави национална бесплатна мрежа за јавен превоз. Со оваа сосема нова иницијатива, владата сака да го охрабри своето население да не ги користи своите автомобили.

**Талин, Естонија**

Во главниот град на Естонија, јавниот превоз е бесплатен од 2013 година. На референдумот, жителите со големо мнозинство гласаа за бесплатен јавен превоз. Проблемот во Талин може да се спореди со проблемот во градот Луксембург: илјадници патници патуваат до центарот на градот секој ден.

**Обањ, Франција**

Во овој јужен француски град, јавниот превоз е бесплатен од 2009 година. Започна како едноставен тест, а иницијативата се покажа како голем успех. По три години, секој ден низ градот возат 5.000 автомобили помалку, што е намалување за 10%. Популарноста на јавниот превоз исто така порасна за 235%.

**Данкерк, Франција**

Овој северен француски град, на границата со Белгија, од 2018 година ја прави достапна бесплатно својата мрежа за јавен превоз. По неколку месеци, четвртина од местата за паркинг што претходно недостигаа во градот, останаа празни.

**Самоков, Бугарија**

Самоков е планински град во Бугарија и има околу 27.000 жители. Иницијативата првично беше наменета само за жителите, но две години по нејзиното лансирање, јавниот превоз беше понуден бесплатно за сите.

**Фридек-Мистек, Чешка**

Од 2011 година, можете да користите бесплатен јавен превоз и во Фридек-Мистек, град на истокот на Чешка. Бројот на патници во првите две години е зголемен за дури 40%.

**Страконице, Чешка**

Од 1 јануари 2018 година, јавниот превоз во центарот на градот Страконице е целосно бесплатен. Совет: ако го посетите градот, не заборавајте да го погледнете замокот Страконице, прекрасен културен споменик.



**Во Фридек-Мистек јавен превоз**
*Извор: wikipedia.com*

**Манчестер, Англија**

Во британскиот град Манчестер, три бесплатни метро-шатлови им овозможуваат на туристите да го истражуваат градот без трошок.

**Марихамн, Финска**

Марихамн е главен град на финскиот остров Аланд и нуди бесплатен јавен превоз и за локалното население и за посетителите од 2000 година.

**Атика, Грција**

Во регионот Атика во Грција, каде што Атина е главен град, има 34 општини кои нудат бесплатен јавен превоз. Затоа, секој што планира да ја посети Атина може да ја користи бесплатната мрежа за јавен превоз за да го открие  регионот.

**Ливињо, Италија**

Секој што го знае ова место е веројатно страствен скијач. Ова село на италијанските Алпи го нуди својот јавен превоз бесплатно од седум и пол наутро до осум навечер. Градот е многу јасен за своите посетители: никому не му треба автомобил за да го открие Ливињо.

**Акурејри, Исланд**

Акурејри е еден од најголемите градови во Исланд и нуди бесплатни автобуси за своите жители и посетители. Ова магично место на северот на Исланд е опкружено со прекрасни природни сцени. Градот е исто така идеална основа за одење во природни бањи, или на посета на водопади.

**Амстердам, Холандија**

Во Амстердам не е целиот јавен превоз бесплатен, за жал, но траектите се.

**Велење, Словенија**

Велење е шести по големина град во Словенија и има мрежа на бесплатни жолти автобуси што ве превезуваат низ градот. Веднаш до градот ќе најдете зелена оаза, до која може да стигнете бесплатно со автобус.

**Женева, Швајцарија**

Швајцарија е еден од европските пионери кога станува збор за одржливоста, а тоа го покажува и со својата бесплатна мрежа за јавен превоз. Освен во иконскиот град Женева, посетителите (кои плаќаат туристичка такса) можат бесплатно да користат јавен превоз и во Лозана, Базел и Берн.

**Зори, Полска**

Ако ја погледнете комплетната листа на полски градови што нудат бесплатен јавен превоз, ќе забележите дека тој е значително подолг од оној на другите европски земји. Во Зори, туристите уживаат и целосна бесплатна мобилност. Со многубројни други одржливи иницијативи, Зори има цел да стане најамбициозниот град во Полска во смисла на бесплатна и одржлива мобилност.

Во Скопје, превозот е бесплатен за неколку категории граѓани, како ученици, студенти и пензионери. Најавите од градските власти се дека за две години и во Скопје јавниот превоз ќе биде – бесплатен за сите.




**Во Женева - бесплатен јавен превоз**
*Извор: wikipedia.com*




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент


UNWTO

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC